|---|---|---|
| Поддршка на процесот на децентрализација СУДЕП (опремување на Граѓанскиот сервис центар - Велес и истурена канцеларија во Горно Оризари со нова канцелариска и техничка опрема и отворање на две нови истурени канцеларии во Бузалково и во Иванковци) | ЕУ | |
| Изградба на нова театарска зграда | Министерство за култура на Република Македонија | 123.000.000 |
| Граѓански информатор за услуги | МЦМС | 155.472 |
| Зајакнување на капацитетите за борба против корупцијата и воведување ИСО стандард за квалитет | УНДП | |

**Планирани проекти во иднина**

| Проект |
|---|
| Изградба на градска гасоводна мрежа |
| Проширување на индустриските зони Речани 2 и УЗУС |
| Индустриска зона Каласлари |
| Изградба на регионална депонија за управување со цврстиот комунален отпад |
| Изградба на аквапарк на локација до езерото Младост (Коридор 10 , автопат Е-75) |
| Изградба на трговски деловен центар |

# Општина Виница

**Адреса на седиштето:**
Бел Камен бб
2310 Виница

**Контакт:**
тел. 033/361-945
факс 033/363-294

**е-пошта:**
ovinica@t-home.mk

**интернет страна:**
www.opstinavinica.gov.mk

## ЛОКАЦИЈА:
## ИСТОЧЕН РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 19.938 |
| Број на урбани заедници: | 1 |
| Градови: | 0 |
| Број на месни заедници: | 17 |
| Површина: | 443 КМ$^2$ |
| Ден на општината: | 30-ти Август, ден на ослободувањето на градот Виница од окупаторот во Втората светска војна. |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 91.59 % |
| Албанци: | 0 % |
| Турци: | 1.36 % |
| Роми: | 6.17 % |
| Власи: | 0.61 % |
| Срби: | 0.16 % |
| Бошњаци: | 0 % |
| Останати: | 0.11 % |

## Опис на ЕЛС

Општина Виница се наоѓа во источниот дел на Македонија. Поширокото подрачје на општина Виница го зафаќа југо-источниот дел од Виничко-Кочанската котлина и се наоѓа помеѓу планините Обозна, Голак и Плачковица. Го зафаќа средниот дел од коритото на реката Брегалница која тече низ долината. Просторната и географска локација на општината е многу поволна. Општина Виница зафаќа површина од 443 км$^2$, а се простира на надморска висина од 360 м до 1.754 м. Општината е составена од 15 административни единици: Истибања, Јакимово, Калиманци, Крушево, Виничка Кршла, Лески, Градец, Грљани, Драгобраште, Трсино, Лаки, Црн Камен, Пекљани, Блатец и Липец.

## Локален економски развој (ЛЕР)

Стратегија за ЛЕР, 2008-2013

## Профил на општината: 2008-2013

## Главни компаративни предности на ЕЛС:

Добра географска положба
Одлично развиена инфраструктура
Развиено стопанство

## Главни приоритети за локален економски развој:

Природни ресурси – геотермални води
Еко-културен туризам
Изградба на вештачки акомулации - брани

## Главни стопански гранки во ЕЛС:

Земјоделство: рибарство, шумарство
Производство: текстил, градежништво
Услуги: транспорт и дистрибуција, ресторани, туризам, осигурување, банки, здравствена заштита

## Број на трговски друштва во ЕЛС: 618

## Стратешки/Плански документи на општината:

| Наслов | Период |
|---|---|
| Локален акциски план за здравство | 2008-2013 |
| Локален акциски план за социјална заштита | 2007-2012 |

## Локален еколошки акциски план (ЛЕАП):
2005-2010 г.

## Главни еколошки проблеми во ЕЛС:
Диви депонии, загадување на водата, загадување на воздухот

## Буџет на општината: (МКД)

| | |
|---|---|
| Реализиран буџет во 2008г.: | 59.875.423 |
| Проектиран буџет за 2009 г.: | 121.324.000 |
| Предвиден буџет за 2010 г.: | 127.390.200 |
| Предвиден буџет за 2011 г.: | 133.456.400 |
| Предвиден буџет за 2012 г.: | / |

## СОВЕТНИЦИ:

Наташа Анакиева-с. Блатец
Анкица Лесанска-Виница
Митко Костадиновски-Виница
Венко Данчев-Виница
Горанчо Воинов-Виница
Марина Стоименова-с. Јакимово
Милорад Атанасов-Виница
Младен Митев-Виница
Мара Јованова-Виница
Горанчо Ангелов-с. Блатец
Гоце Стојков-с. Истибања
Ванчо Вуинов-Виница
Благица Андонова-Виница
Орце Јордановски-Виница
Мартин Павлов-Виница

| Совети на месните/урбаните заедници во општината: |
|---|
| Симеон Алексов - Виница |
| Душко Костадиновски - МЗ Виночка Кршла |
| Бранко Горгиев - МЗ Градец |
| Венко Костадинов - МЗ Јакимово |
| Јово Захариев - МЗ Трсино |
| Драги Илиев - МЗ Драгобраште |
| Драги Горгиев - МЗ Липец |
| Георги Илијев - МЗ Истибања |
| Драган Стојменов - МЗ Крушево |
| Зоран Стојанов - МЗ Лески |
| Киро Горгиев - МЗ Калиманци |
| Моне Арсов - МЗ Грлани |
| Горан Стојменов - МЗ Трстија |
| Божин Стојанов - МЗ Максимци |
| Горги Николов - МЗ Лаки |
| - МЗ Црн Камен |
| Душко Јованов - МЗ Пеклани |

## СРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС

### Градоначалник:

Емил Дончев
партиска припадност: ВМРО-ДПМНЕ
службен телефон: 033/361-945
е-пошта: ovinica@t-home.mk

Роден е на 05.03.1974 год. во Штип. Основното образование го завршува во Виница, а средно економско во Кочани. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје во 1998 година на отсекот менаџмент. Во декември 2001 год. се вработува во ЈП Македонски шуми - подружница Виница, каде работел како референт за план и анализа и раководител до 2006 година. Во октомври 2006 година е именуван во Владата на Република Македонија за Директор на Државниот комунален инспекторат во состав на Министерството за транспорт и врски. Во јануари 2008 година е именуван за раководител на Даночното одделение во УЈП во Виница. Во април 2009 година стапува на функцијата Градоначалник на општина Виница. Оженет е и татко на две малолетни деца. Член на ВМРО-ДПМНЕ Виница од 1997 година.

### Претседател на Советот:
Мартин Павлов
партиска припадност: ВМРО-ДПМНЕ
службен телефон: 070/235-344

## Вкупно вработени во ЕЛС: 35

Структура (по образование): не се доставени податоци
Структура (по етничка припадност): не се доставени податоци
Структура (родова застапеност): не се доставени податоци
Старосна структура: не се доставени податоци

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС (СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА)

**СЕКТОРИ**

- Сектор за правни, општи, финансиски работи и јавни дејности
  Раководител: Зоран Манчевски
  тел: 033/361-945

**ОДДЕЛЕНИЈА**

- Одделение за урбанизам и заштита на животната средина
  Раководител: Мијалчо Митев
  тел: 033/361-945
  вработени: 4
- Одделение за правни, општи работи и јавни дејности
  Раководител: Зорка Момчилова
  тел: 033/361-945
  вработени: 16
- Одделение за уредување на ГЗ, комунални работи и ЛЕР
  Раководител: Киро Довичински
  тел: 033/361-946
  вработени: 4
- Одделение за финансиски работи
  Раководител: Јулија Манасиева
  тел: 033/361-945
  вработени: 6

## Подрачни единици на министерствата на РМ во ЕЛС:

**Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за правда, Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за финансии, Министерство за здравство**

## ЕЛС ИНДЕКС

Јавно комунално претпријатие: Активно
Име на ЈКП: Солидарност
Адреса на ЈКП: „Плачковички одред“, 35
тел.:033/363-125
факс: 033/363-125
Вид на услуга: Депонирање смет, обезбедување вода за пиење и фекалии
Број на корисници: 5.000
Директор:
Игор Спасов
тел. 033 /363-125

Јавно претпријатие: Активно
Име на ЈП: Вин - Спорт

**Образование:**

**Основно образование:**
„Кочо Рацин“ - с. Блатец, Виница
„Никола Парапунов“ - с. Драгобраште, Виница
„Славчо Стојменски“ - Виница
„Гоце Делчев“ - Виница

**Средно образование:**
„Ванчо Прке“ - Виница

**Здравствена заштита:**
ЈЗО Здравствен дом Виница - Виница

**Култура:**
ОУГБ „Ванчо Прке“ - Виница
Дом на културата „Точо Арсов“ - Виница

**Најважни културни настани / манифестации во општината:**
МФФ Истибанско здраво живо
Павловден
Денови на медот

**Противпожарна заштита:**
ТППЕ Виница
тел.: 033/364-193

## ПРОЕКТИ НА ЕЛС

**Позначајни реализирани проекти во изминатите четири години:**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Поплочени тротоари и плоштади - 25.000 м$^2$ | ЕЛС | 15.375.000 |
| Асфалтирање улици и патишта во Виница 22 км | ЕЛС | 30.750.000 |
| Асфалтирање на индустриската зона Исток | ЕЛС | 7.380.000 |
| Регулација на Градечка Река | СИДА, ЕЛС | 3.690.000 |
| Изградба на градски музеј | Амбасада на В. Британија и ЕЛС | 9.225.000 |
| Изградба на спортска сала | УСАИД, УНДП, ЕЛС | 36.900.000 |

## ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

**Соработка со граѓански организации:**

| |
|---|
| ЗГ Матица |
| ЗГ „Ини“ |
| ЗГ „Златно доба“ |
| ЗГ „Свет крст“ |

# Општина Вранештица

**Адреса на седиштето:**
с. Вранештица
6258 Вранештица

**Контакт:**
тел. 045/284-244
факс 045/284-244

**е-пошта:**
gradonacalnik@vranestica.gov.mk

**интернет страна:**
/

## ЛОКАЦИЈА:
ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 1.322 |
| Број на урбани заедници: | 0 |
| Градови: | 0 |
| Број на месни заедници: | 12 |
| Површина: | 120 КМ$^2$ |
| Ден на општината: | 5-ти Јануари |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 78.14 % |
| Албанци: | 0.76 % |
| Турци: | 20.88 % |
| Роми: | 0 % |
| Власи: | 0 % |
| Срби: | 0.15 % |
| Бошњаци: | 0 % |
| Останати: | 0.08 % |

## Опис на ЕЛС
Општината се наоѓа Југоисточно од Кичево, рурална општина, со големи резерви на глина и мермер, букова и дабова шума, чиста животна средина, добра инфраструктура. Дел од населението во општината се занимава со рачно производство на грнчарски производи, занает кој е веќе во изумирање на територијата на РМ. Според националната структура најголем дел од населението се Македонци, а мал број турско и друго население. Општина погодна за развој на змјоделство и сточарство

## Локален економски развој (ЛЕР)
Стратегија за ЛЕР, 2007-2012

## Профил на општината: 2007-2012

## Главни компаративни предности на ЕЛС:
Можност за производство на здрава храна
Можност за искористување на минералните суровини
Богат шумски фонд

## Главни приоритети за локален економски развој:
Развој на ќерамичката индустрија
Развој на сточарството и земјоделството
Развој на мермерната индустрија

## Главни стопански гранки во ЕЛС:
Земјоделство: агробизнис, шумарство

## Број на трговски друштва во ЕЛС: 24

## Стратешки/Плански документи на општината:

| Наслов | Период |
|---|---|
| Стратешки план за локален економски развој | 2007-2012 |

## Главни еколошки проблеми во ЕЛС:

Диви депонии, загадување на водата

## Буџет на општината:

| | МКД |
|---|---|
| Реализиран буџет во 2008 г.: | 8.232.067 |
| Проектиран буџет за 2009 г.: | 14.556.529 |
| Предвиден буџет за 2010 г.: | 15.704.355 |
| Предвиден буџет за 2011 г.: | 16.489.502 |
| Предвиден буџет за 2012 г.: | 17.314.050 |

## СОВЕТНИЦИ:

Златко Кратески-Бигор Доленци
Николина Стојкоска-Староец
Вито Јордановски-Речани
Цветанка Миловска-Вранештица
Оливера Петреска-Бигор Доленци
Слободан Трпески-Староец

| Совети на месните/урбаните заедници во општината: |
|---|
| - Миокази |
| - Орланци |
| - Козичино-Патеец |
| - Дупјани-Рбетино |
| - Светорача |
| - Карбуница |
| - Бигор Доленци |
| - Челопеци |
| - Староец |
| - Вранештица |
| - Речани |
| - Атишта |

## СРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС

### Градоначалник:



Ванчо Србаковски
партиска припадност: СДСМ
службен телефон: 045/284-244
е-пошта:
gradonacalnik@vranestica.gov.mk

Роден е на 02.09.1968 год. во селото Вранештица. Има завршено виша економска школа, бил раководител на транспортното претпријатие „Симекс“. Оженет е, татко на две деца. Ова му е втор последователен мандат, а пред тоа бил член на Советот на општината Вранештица.

### Претседател на Советот:

Благоја Корабовски
партиска припадност: СДСМ
службен телефон: 045/284-244

## Вкупно вработени во ЕЛС: 12

Структура (по образование): основно: 0/ средно: 10/ вишо: 0/ високо: 2/ магистратура: 0/
Структура (по етничка припадност): не се доставени податоци
Структура (родова застапеност): Мажи: 8/ Жени: 3/
Старосна структура: не се доставени податоци

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС (СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА)

**ОДДЕЛЕНИЈА**

- ☐ Одделение за управување со човечките ресурси
  вработени: 2
- ☐ Одделение за урбанизам и заштита на животната средина
  вработени: 3
- ☐ Одделение за правни, финансиски и општи работи
  Раководител: Ленче Србиноска
  тел: 045/284-444
  вработени: 7

## ЕЛС ИНДЕКС

Јавно комунално претпријатие: Активно
Име на ЈКП: Бисер
Адреса на ЈКП: с. Вранештица,
Директор:
Михајло Трајкоски

**Образование:**

**Основно образование:**
ПУ - Староец
ПУ - Челопеци
ПУ „Ванчо Србаков“ - Вранештица

**Здравствена заштита:**
ПЗЗА - с. Челопеци

## ПРОЕКТИ НА ЕЛС

**Позначајни реализирани проекти во изминатите четири години:**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Урбанистички план на селото | | |
| Изградба на улици | Општина Вранештица | 1.107.000 |
| Изградба на канализации | Општина Вранештица | |
| Изградба на водовод | Општина Вранештица | 5.049.949,5 |
| Спортски центар | УСАИД | 2.207.973 |
| Локален пат | Биро за неразвиените подрачја | 6.999.991,5 |

# Општина Врапчиште

## Komuna e Vrapçishtit  Vrapçişte Belediyesi


**Адреса на седиштето:**
1236 с. Врапчиште

**Контакт:**
тел. 042/332-378
факс 042/332-378

**е-пошта:**
/

**интернет страна:**
/


**ЛОКАЦИЈА:**
ПОЛОШКИ РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 25.399 |
| Број на урбани заедници: | 1 |
| Градови: | 0 |
| Број на месни заедници: | 15 |
| Површина: | 192 КМ$^2$ |
| Ден на општината: | 4-ти Април<br>Ден на основањето на Советот на Општина Врапчиште во сегашните граници, согласно Законот за територијална организација на Локалната самоуправа во РМ. |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 4.10 % |
| Албанци: | 83.08 % |
| Турци: | 12.34 % |
| Роми: | 0 % |
| Власи: | 0 % |
| Срби: | 0.02 % |
| Бошњаци: | 0.03 % |
| Останати: | 0.44 % |

### Опис на ЕЛС

Општина Врапчиште е општина од рурален карактер, со околу 26.000 жители, во 15 населени места, од кои 4 населени места се поголеми со по над 5.000 жители, додека останатите со број на жители помалку од 3.000 и спаѓа во редот на мали општини во Р.М.
Територијата на општината се протега на падините на Шар Планина и на Полошката котлина. На исток и од јужната страна се граничи со територијата на Општина Гостивар, на запад со Косово, додека на север се граничи со Општина Боговиње.

### Локален економски развој (ЛЕР)

Стратегија за ЛЕР, 2007-2009

### Профил на општината: 2007-2009

### Главни компаративни предности на ЕЛС:

Инфраструктура
Развој на земјоделството и сточарството
Селски туризам

### Главни приоритети за локален економски развој:

Урбанистичкото планирање
Зачувување на чистата природна средина
Водоснабдување и канализација

### Главни стопански гранки во ЕЛС:

Земјоделство: агробизнис, шумарство
Производство: хемиска индустрија, градежништво
Услуги: ресторани, здравствена заштита

## Главни еколошки проблеми во ЕЛС:

Диви депонии, загадување на водата

## Буџет на општината:

| | (МКД) |
|---|---|
| Реализиран буџет во 2008 г.: | 32.422.235 |
| Проектиран буџет за 2009 г.: | 73.079.929 |
| Предвиден буџет за 2010 г.: | 82.159.800 |
| Предвиден буџет за 2011 г.: | 90.586.000 |
| Предвиден буџет за 2012 г.: | 93.000.000 |

## СОВЕТНИЦИ:

Тафил Ислами
Бајрамали Сејдини
Нухи Адеми-с. Добри Дол
Исен Демири-с. Неготино
Амире Ибрахим–Нуредини-с. Градец
Рефик Мустафи-Врапчиште
Лулзим Хамиди
Јусуф Хасани-Врапчиште
Веби Фетахи-с. Градец
Амет Халити-с. Неготино
Назим Ибрахим-Врапчиште
Рахим Муслиу-с. Топлице
Бедри Бешири
Џеват Камбери
Мирјана Сејдини-Врапчиште
Кадире Јонузи
Екрем Зендели-с. Добри Дол
Булент Сејдини-Врапчиште
Надије Хебиби-с. Неготино

## СРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС

### Градоначалник:

Бајрам Кадрија
партиска припадност: ДУИ
службен телефон: 042/332-296
е-пошта:
Bajram.kadrija@yahoo.com

Роден е во Гостивар на 14.12.1975 год., живее во Врапчиште, каде што го завршил и основното образование, средно училиште завршил во Гимназијата во Гостивар, дипломирал на Факултетот по ликовна уметност на Државниот тетовски универзитет. Како професор, 5 год. работел во средното техничко училиште во Гостивар.

### Претседател на Советот:

Веби Фетаи
партиска припадност: ДУИ
службен телефон: 042/332-378

| Совети на месните/урбаните заедници во општината: |
|---|
| - Ново Село |
| Мујдин Бајрами - Горјане |
| Ибиш Имери - Ѓурѓевиште |
| Сафет Фаруки - Ломница |
| Касам Хавзиу - Калиште |
| Љубе Ристоски - Пожаране |
| - Врањовце |
| Мане Јаковлески - Зубовце |
| Мирче Божиноски - Галате |
| Невзат Шабани - Врапчиште |
| Есат Даути - Топлице |
| Јакуп Јакупи - Добри Дол |
| Амет Халити - Неготино |
| Гзим Ракипи - Сенокос |
| Хасан Халили - Градец |

## Вкупно вработени во ЕЛС: 34

Структура (по образование): основно: 0/ средно: 0/ вишо: 3/ високо: 13/ магистратура: 0/
Структура (по етничка припадност): Македонци: 3/ Албанци: 28/ Турци: 1/ Роми: 0/ Срби: 0/ Власи: 0/ Бошњаци: 0/ Останати: 0/
Структура (родова застапеност): Мажи: 29/ Жени: 5/
Старосна структура: не се доставени податоци

## ЕЛС ИНДЕКС

Јавно комунално претпријатие: Активно
Име на ЈКП: Врапчиште
Адреса на ЈКП: с. Врапчиште
e-mail: jkpvrapciste@t-home.mk
Вид на услуга: Водоснабдување
Број на вработени: 14
Број на корисници: 28.000
Директор:
Билен Салији

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС (СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА)

**СЕКТОРИ**

- ☐ Сектор за правно-нормативни работи
  Раководител: Менсур Зенуни
  тел: 042/332-378
  вработени: 15

- ☐ Сектор за финансии буџет и локален економски развој
  Раководител: Мустаф Мустафа
  тел: 042/332-387
  вработени: 8

- ☐ Сектор за урбанизам и заштита на животната средина и просторно планирање
  Раководител: Бесим Рамаданидиа
  тел: 042/312-000
  вработени: 11

**ОДДЕЛЕНИЈА**

- ☐ Одделение за човечки ресурси
  Раководител: Шемши Салаи
  вработени: 2

- ☐ Одделение за локален економски развој
  Раководител:
  вработени: 1

## ПРОЕКТИ НА ЕЛС

**Позначајни реализирани проекти во изминатите четири години:**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Водоснабдување во општината Врапчиште | Австриска влада | / |

**Образование:**

**Основно образование:**
ОУ „Чеде Филипоски“ - Врапчиште
ОУ „Сали Лиси“ - с. Добридол
ОУ „Наим Фрашери“ - с. Неготино
ОУ „Мехмет Дерала“ - с. Градец

**Средно образование:**
Истурена паралелка на Гимназијата, Гостивар - с. Неготино

**Здравствена заштита:**
Стоматолошка ординација - Врапчиште
Стоматолошка ординација - с. Добридол
Стоматолошка ординација - с. Неготино
Стоматолошка ординација - с. Градец
Амбуланта - Врапчиште
Амбуланта - с. Добридол
Амбуланта - с. Неготино
Амбуланта - с. Градец

**Култура:**
Дом на културата „Шота“ - с. Неготино



# Општина Гевгелија


**Адреса на седиштето:**
Димитар Влахов 4
1480 Гевгелија

**Контакт:**
тел. 034/213-899
факс 034/213-899

**е-пошта:**
gevgelija@t-home.mk

**интернет страна:**
www.gevgelija.gov.mk


## ЛОКАЦИЈА:
ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 22.988 |
| Број на урбани заедници: | 1 |
| Градови: | 1 |
| Број на месни заедници: | 16 |
| Површина: | 485 КМ$^2$ |
| Ден на општината: | 07-ми Ноември<br>За ден на општина Гевгелија е избран 7-ми Ноември, денот кога за време на Втората Светска Војна, еден батаљон на четвртата македонска бригада влезе во градот Гевгелија. Овој празник е значаен заради ослободувањето на Гевгелија но и заради илјадниците животи изгубени за таа цел, кои секогаш ќе претставуваат потсетник за значењето на слободата на еден народ. |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 96.82 % |
| Албанци: | 0.03 % |
| Турци: | 0.13 % |
| Роми: | 0.06 % |
| Власи: | 0.93 % |
| Срби: | 1.60 % |
| Бошњаци: | 0.02 % |
| Останати: | 0.40 % |

## Опис на ЕЛС
Општина Гевгелија се наоѓа на најјужниот дел од Република Македонија, на надморска височина од 64 м и на простор од 458 м$^2$. Во неа живеат 22,988 жители од кои околу 15,685 во општинскиот центар Гевгелија. Во ова медитеранско поднебје, на плодните полиња се застапени раноградинарските производи, лозовите и овошните насади. Изградените капацитети годишно преработуваат околу 50.000 тони зеленчук и овошје како и грозје. Низ Гевгелија годишно транзитираат над 4 милиони патници, а општината располага со услови за развој на планинскиот, бањскиот и културниот туризам. Приоритет му се дава на локалниот економски развој што е основа за годишните развојни планови. За тои говори и фактот што во изградба се неколку хотел-казина кои нудат високо ниво на услуги и разновидна содржина. На Кожуф планина никнува еден од најатрактивните зимски-туристички центри на балканот. Во општината работат пет основни и едно средно училиште, а од неодамна Гевгелија станува и универзитетски град со дисперзирани студии по туризам. Сите заложби на локалната власт одат во превец Гевгелија да стане топ дестинација за странските инвеститори и град кој во иднина забрзано ќе се развива.

## Локален економски развој (ЛЕР)
Стратегија за ЛЕР, 2006-2011

## Профил на општината: 2006-2012

## Главни компаративни предности на ЕЛС:
Поволна географска положба и климатски услови
Традиција и препознатливо производство на екохрана
Обучена работна сила во областа на туризмот, конфекционерството, индустрија за преработка на пластика, производтство на храна и земјоделство

## Главни приоритети за локален економски развој:
Зголемување на вработеноста
Одржлив развој
Јавни приватни партнерства

## Главни стопански гранки во ЕЛС:
Земјоделство: агробизнис, шумарство
Производство: текстил, градежништво
Услуги: транспорт и дистрибуција, ресторани, туризам, осигурување, банки, здравствена заштита

## Број на трговски друштва во ЕЛС: 2.597

## Стратешки/Плански документи на општината:

| Наслов | Период |
|---|---|
| Програма за енергетска ефикасност | 2009-2013 |
| Потстратегија за рурален развој | 2008-2013 |
| Стратегија за локален развој | 2006-2011 |

## Главни еколошки проблеми во ЕЛС:

Диви депонии, загадување на водата

## Буџет на општината:

| | МКД |
|---|---|
| Реализиран буџет во 2008 г.: | 289.470.480 |
| Проектиран буџет за 2009 г.: | 406.026.872 |
| Предвиден буџет за 2010 г.: | 434.448.753 |
| Предвиден буџет за 2011 г.: | 462.870.634 |
| Предвиден буџет за 2012 г.: | / |

## СОВЕТНИЦИ:

Борче Нечески-Гевгелија
Нинислав Ѓорѓевиќ-Гевгелија
Петар Апостолов-Гевгелија
Петар Кангов-Гевгелија
Ристо Ѓорѓиев-Негорци
Сашо Олумчев-Гевгелија
Сашо Поцков-Гевгелија
Тони Аврамов-Гевгелија
Венчо Атанасов-Гевгелија
Александар Тодов-Гевгелија
Наташа Минова-Гевгелија
Виктор Гавровски-Гевгелија
Даница Каркалашева-Гевгелија
Илија Мицев-Негорци
Лазар Боев-Миравци
Ленче Жарко-Гевгелија
Магдалина Делковска-Гевгелија
Магдалена Каркалашева-Гевгелија
Александар Еленски-Миравци

## СРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС

### Градоначалник:

Иван Франгов
партиска припадност: ВМРО-ДПМНЕ
службен телефон: 034/213-899
е-пошта:
gradonacalnik@gevgelijao.gov.mk

Иван Франгов е роден на 9.12.1969 година во Гевгелија. Основно училиште завршил во ОУ „Владо Кантарџиев" во Гевгелија, а средно во СОУ „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија.
Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје, во мај 1994 година, насока надворешна трговија и маркетинг.
Веднаш по дипломирањето се вработува во приватната фирма „Технопродукт" од Гевгелија, каде останува се до 2002 година.
Од 2002 година до август 2007 година работи во приватната компанија „Солун 53" А.Д. - Гевгелија, прво како раководител на маркет, а потоа како извршен член на Одборот на директорите.
Од септември 2007 година е именуван за раководител на Даночното одделение во Управата за јавни приходи во Гевгелија.
Оженет е со сопругата Евгенија и имаат две деца, Симеон ,11 години и Анастасија , 4 години.

### Претседател на Советот:

Александар Тодов
партиска припадност: ВМРО-ДПМНЕ
службен телефон: 034/212-032

| Совети на месните/урбаните заедници во општината: |
|---|
| Ванчо Карајанов - Гевгелија |
| Здравко Митров - Мрзенци |
| Никола Јаневски - Габрово |
| Илија Митков - Давидово |
| Ѓорѓе Велков - Кованец |
| Блажо Ѓорѓиев - Конско |
| Бошко Динов - Миравци |
| Бошко Јанов - Богородица |
| Јосиф Стојков - Моин |
| Димитар Стојчев - Хума |
| Мите Марков - Негорци |
| Лазар Стоилов - Ново Конско |
| Миле Атанасов - Петрово |
| Ангел Киров - Прдејци |
| Димитар Прошев - Серменин |
| Владо Картов - Смоквица |
| Слободан Митров - Милетково |

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС (СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА)

**СЕКТОРИ**

- ☐ Сектор за правни, административни и општи работи
- ☐ Сектор за финансии, буџет и локални такси
- ☐ Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина
- ☐ Сектор за јавни дејности и локален економски развој

## Вкупно вработени во ЕЛС: 71

Структура (по образование): основно: 0/ средно: 35/ вишо: 5/ високо: 31/ магистратура: 0/
Структура (по етничка припадност): Македонци: 71/ Албанци: 0/ Турци: 0/ Роми: 0/ Срби: 0/ Власи: 0/ Бошњаци: 0/ Останати: 0/
Структура (родова застапеност): Мажи: 39/ Жени: 32/
Старосна структура: не се доставени податоци

**ОДДЕЛЕНИЈА**

- ☐ Одделение за социјална, здравствена, детска и друга заштита, култура и спорт
  Раководител: Љубица Карајанова
  тел: 034/211-843
  вработени: 3
- ☐ Одделение за комунални работи и локални патишта
  Раководител: Благој Караѓорѓев
  тел: 034/213-979
  вработени: 5
- ☐ Одделение за правни работи
  Раководител: Нада Ристова
  тел: 034/213-843
  вработени: 2
- ☐ Одделение за стручно-административни и општи работи
  Раководител: Кире Јанишлиев
  тел: 034/211-211
  вработени: 16
- ☐ Одделение за финансии и буџет
  тел: 034/211-578
  вработени: 3
- ☐ Одделение за локални даноци и такси
  тел: 034/213-843
  вработени: 6
- ☐ Одделение за образование
  тел: 034/213-843
  вработени: 2
- ☐ Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина
  Раководител: Станка Карајанова
  тел: 034/212-137
  вработени: 6
- ☐ Одделение за локален економски развој
  тел: 034/213-843
  вработени: 2
- ☐ Инспекторат за инспекциски работи
- ☐ Одделение за инспекциски работи за урбанизам, градежништво, комунални работи, сообраќај, патишта и заштита на животната средина
  Раководител: Димитар Апостолов
  тел: 034/213-843
  вработени: 7
- ☐ Одделение за инспекциски работи за локален економски развој, општествени дејности и локални даноци и такси
- ☐ Одделение за внатрешна ревизија
  Раководител: Димитар Димов
  тел: 034/213-843
  вработени: 1
- ☐ Одделение за човечки ресурси
- ☐ Територијална противпожарна единица
  вработени: 18

## Подрачни единици на министерствата на РМ во ЕЛС:

**Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за правда, Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за финансии**

## ЕЛС ИНДЕКС

Јавно комунално претпријатие: Активно
Име на ЈКП: ЈПКД Комуналец-Гевгелија
Адреса на ЈКП: „7. Ноември“, 50
тел.:034/212-808
факс: 034/212-808
e-mail: komunalecgevgelija@yahoo.com
Вид на услуга: Водоснабдување, изнесување смет, пазар и погребна дејност
Број на вработени: 127
Број на корисници: 8.280
Стапка на наплата на комунални услуги: 63 %
Директор:
Митко Рамаданов
тел. 034/211-809

**Образование:**

**Основно образование:**
ООМУ „Васо Карајанов“ - Гевгелија
ООУ „Ристо Шуклев“ - Негорци
ООУ „Климент Охридски“ - Миравци
ООУ „Крсте Мисирков“ - Гевгелија
ООУ „Владо Кантарџиев“ - Гевгелија

**Средно образование:**
СОУ „Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија

**Здравствена заштита:**
Здравствен дом - Гевгелија
Медицински центар - Гевгелија

**Култура:**
ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“ - Гевгелија
ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методиј“ - Гевгелија
ЈОУ Дом на културата „Македонија“ - Гевгелија
ЈОУ Матична библиотека „Гоце Делчев“ - Гевгелија

**Најважни културни настани / манифестации во општината:**
Саем на книгата,
“Калинка“ - детски фестивал,
Смоквијада,
Гитаријада,
Мојот Град,
Фолклорен ѓердан

**Противпожарна заштита:**
Територијална противпожарна единица
тел.: 034/211-881
факс: 034/211-881

## ПРОЕКТИ НА ЕЛС

**Позначајни реализирани проекти во изминатите четири години:**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Чиста Гевгелија со модерна технологија | УСАИД | 1.230.000 |
| Реконструкција на Амамот и адаптација во ликовна галерија | Општина Карач - Турција | 4.920.000 |
| Набавка на специјално возило за собирање смет | УСАИД | 4.920.000 |
| Реконструкција на покривната конструкција во ООУ „Владо Кантарџиев“ | Швајцарска агенција за развој и соработка | 6.150.000 |
| Доизградба на секундарна канализациска мрежа во населеното место Миравци | ЕАР | 30.750.000 |
| Изградба на канализација со пречистителна станица во населеното место Богородица | ЕАР | 30.750.000 |

**Тековни проекти**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Јавни работи | Влада на РМ | 1.845.000 |
| Општински центар за услуги | Делегација на ЕУ | 707.250 |
| Изградба на патен мост на Сува Река на патниот правец Гевгелија - грчка граница | Делегација на ЕУ | 31.245.505 |

**Планирани проекти во иднина**

| Проект |
|---|
| Форуми во заедницата |
| Реконструкција на локалниот пат Негорци - Серменин - Конско |
| Изградба на локален пат до населеното место Хума |
| Изградба на пречистителна станица за отпадните води од Гевгелија |
| Реконструкција на Народниот театар |

## ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

**Соработка со граѓански организации:**

| |
|---|
| Центар за социјална заштита |
| Центар за поддршка на НВО СОРОС |
| НВО „Поддршка“ |

# Општина Гостивар

## Komuna e Gostivarit  Gostivar Belediyesi


**Адреса на седиштето:**
Браќа Ѓиноски 61
1230 Гостивар

**Контакт:**
тел. 042/213-511
факс 042/214-406

**е-пошта:**
info@gostivari.gov.mk

**интернет страна:**
www.www.gostivari.gov.mk


ЛОКАЦИЈА:
ПОЛОШКИ РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 81.042 |
| Број на урбани заедници: | 12 |
| Градови: | 1 |
| Број на месни заедници: | 42 |
| Површина: | 519 KM$^2$ |
| Ден на општината: | 23-ти Декември |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 19.59 % |
| Албанци: | 66.68 % |
| Турци: | 9.86 % |
| Роми: | 2.76 % |
| Власи: | 0.02 % |
| Срби: | 0.20 % |
| Бошњаци: | 0.05 % |
| Останати: | 0.85 % |

## Опис на ЕЛС

Општината се наоѓа на крајниот јужен дел на Гостиварското поле. Релјефната физиономија битно ги детерминира патните правци: Полошката котлина на север и превојот Буковиќ на југ. Најзначајни коридори за транзитен сообраќај се: магистралниот пат М-4 Скопје-Охрид, железничката пруга Скопје-Кичево и регионалниот пат Гостивар-Дебар-Охрид.
И покрај изразените планински бариери кон запад и исток, ваквата позиција на општината и обезбедува добра географска и геопрометна положба.
Поволната позиција на Гостивар во сообраќајна смисла произлегува од неговата расположеност на преминот од низината кон падинскиот дел, а поволната географска положба во однос на населбите му дава можности на градот за извршување на неговите централни функции во областите: административно-управна област, политичко-стопанска област и културно-просветна област.
Самиот град поради својата положба во рамнината на Гостиварското поле има доволно простор за територијална експанзија, бидејќи како главен и единствен административен управен, политички, стопански и културен центар на Горни Полог се наоѓа во непрекинат динамичен стопански и демографски растеж.

## Локален економски развој (ЛЕР)

Стратегија за ЛЕР, 2008-2012

## Главни компаративни предности на ЕЛС:

Висок степен на развој на трговијата
Погодна местоположба
Голем потенцијал за развој на агробизнисот

## Главни приоритети за локален економски развој:

Подобрување на патната инфраструктура на градот
Социо-економски развој
Образование и култура

## Главни стопански гранки во ЕЛС:

Земјоделство: агробизнис
Производство: градежништво

## Број на трговски друштва во ЕЛС: 4.003

## СРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС

### Градоначалник:

Руфи Османи
партиска припадност: неопределен
службен телефон: 042/213-511
е-пошта: info@gostivari.gov.mk

Проф. д-р Руфи Османи е роден на 20 август 1960 год. во село Чајле, општина Гостивар.
На Приштински Универзитет, како истакнат студент, ги завршил студиите на Економски фактултет во 1983 год. Во 1998 год. ги запишал додека пак во јануари 2002 год. ги завршил постдипломските студии и стекнал звање Магистар на економски науки. Во јануари 2005 год. успешно ја одбранил тезата на докторатура на тема "Соработката на Албанија и Македонија со Меѓународниот фонд и Светска банка една компаративна анализа" и ја добил титулата Доктор на економски науки.
Во 1994 год. беше избран за пратеник на Собранието на Р. Македонија, две години подоцна дава оставка од пратеничката функција бидејќи се кандидира и беше избран Градоначалник на Општина Гостивар, функција која што со прекини ја вршеше до април 1997 год. По цели 6 месеци институционален демократски отпор во функција на легализирање на албанското знаме по повод трагичните девето-јулски настани од 1997 година беше приведен и казнет со 14 години затвор, односно 7 години во втората судска инстанца. По усвојувањето на Законот за амнестија во 1999 беше ослободен од затвор поминувајќи приближно 2 години во затворите на Македонија.
Уште од основањето на Тетовскиот унирезитет во 1994 година беше вклучен во структурите на финансирање и во процесот на предавање како предавач до 2003 година. До мартовските избори 2009 година работеше како универзитетски професор на Универзитетот на Југо-Источна Европа.
Има објавено повеќе професионални научни и публицистички трудови во локални и регионални списанија од областа на економијата, политиката и образованието. „Алтернативна, политичка и економска мисла„ е неговата прва книга. Додека пак, "Менаџерско книговодство" е универзитетски учебник на Проф. Др. Руфи Османи.
Потесната специјализација врз основа на професионалното искуство е поврзана со финансиите и книговодството додека пак врз основа на научните истражувања со меѓународните финансии и економската транзиција.
На изборите од 22 март, односно 5 април 2009 година ја доби подршката на мнозинството на граѓаните на Општина Гостивар и го доби вториот мандат на Градоначалник на Општина Гостивар.

### Претседател на Советот:

Фадил Зендели
партиска припадност: неопределен
службен телефон: 042/213-511

### Локален еколошки акциски план (ЛЕАП):

2008-2012 г.

### Главни еколошки проблеми во ЕЛС:

Загадување на водата

### Буџет на општината:

| | МКД |
|---|---|
| Реализиран буџет во 2008 г.: | 652.902.602 |
| Проектиран буџет за 2009 г.: | 1.117.855.605 |
| Предвиден буџет за 2010 г.: | / |
| Предвиден буџет за 2011 г.: | / |
| Предвиден буџет за 2012 г.: | / |

### СОВЕТНИЦИ:

Муамер Садику
Ќани Бајрами
Шемије Елези
Абил Идризи
Фејсал Јакупи
Хафије Велиу
Флорим Мерсини
Брикенд Азири
Земрије Иљази
Ахмед Мифтари
Хамзи Зендели
Илза Мислими
Иљаз Исмаили
Абдулхалим Јашари
Фадил Зендели
Ариф Пини
Тони Ефремоски
Зејни Билали
Ајдуан Јакупи
Булент Дервиши
Жарко Бибоски
Ханифе Реџепи Сејфулаи
Александар Вељаноски
Берат Изаири
Бобан Марковски
Иван Куковски
Јованка Ставревска-Данковска
Џумали Незири
Илза Халими
Менсур Матјан
Лиљана Стојановска

Совети на месните/урбаните заедници во општината:

- Здуње
- Железничка
- Врутоk
- Горна Баница
- Горно Јеловце
- Горна Гоновица
- Долна Бањица
- Долно Јеловце
- Долна Гоновица
- Балиндол
- Митрој Крсти
- Лакавица
- Лешница
- Ново Турчане
- Падалишта
- Железна Река
- Симница
- Срмново
- Равен
- Сушица
- Мало Турчане
- Речане
- Тумчевишта
- Трново
- Ќафа
- Форино
- Чајле
- Печково
- Страјане
- Куново
- Џамиџид
- 6. зона
- Млаки
- Беловиште
- Дебреше
- Мирдита
- Корито
- Дуплок
- Чегране

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС (СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА)

### СЕКТОРИ

- ☐ Сектор за урбанизам и заштита на животната средина, сообраќај и патишта и комунални дејности
  Раководител: Асаф Адеми
- ☐ Сектор за инспекторат
  Раководител: Назми Јусуфи
  тел: 042/213-511

### ОДДЕЛЕНИЈА

- ☐ Одделение за урбанизам и заштита на животната средина
- ☐ Одделение за финансии, буџет и сметководство
  Раководител: Садри Елези
- ☐ Одделение за инспекторат за сообраќај и патишта, урбанизам и градежништво
  Раководител: Асаф Адеми
  тел: 042/213-552

## Подрачни единици на министерствата на РМ во ЕЛС:

**Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа, Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за финансии, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за транспорт**

## ЕЛС ИНДЕКС

Јавно комунално претпријатие: Активно
Име на ЈКП: Комуналец
Адреса на ЈКП: „Светозар Пепоски“, 59
тел.:042/213-580
факс: 042/213-579

---

Јавно претпријатие: Активно
Име на ЈП: Риниа
Адреса на ЈП: „Б. Ѓиноски“, б.б.
тел.:042/215-656
Вид на услуга: Културни, спортски и забавни активности
Директор:
Алмир Даути

**Образование:**

**Основно образование:**

ОУ „Братство и единство“ - Гостивар
ОУ „Моша Пијаде“ - Гостивар
ОУ „Гоце Делчев“ - Гостивар
ОУ „Петре Јовановски“ - Гостивар
ОУ „Злате Дамјановски“ - с. Врутоk
ОУ „Фаик Коница“ - с. Врутоk
ОУ „Прпарими“ - с. Чегране
ОУ „Чајле“ - с. Чајле
ОУ „Гон Бузуку“ - с. Срмново

**Средно образование:**

„Кемал Јахја“, колеџ - Гостивар
Гимназија „Панче Попоски“ - Гостивар
СЕУ „Чеде Филипоски“ - Гостивар
ЦАНО „Злате Малакоски“ - Гостивар

**Здравствена заштита:**

Здравствен дом „Борис Канчески“ - Гостивар
Здравствен дом „Светозар Пепоски“ - Гостивар

**Култура:**

Пионерски дом - Гостивар
Центар на културата - Гостивар

**Најважни културни настани/ манифестации во општината**

23 декември - ден на општината Гостивар

# Општина Градско

**Адреса на седиштето:**
Маршал Тито 70/а
1420 Градско

**Контакт:**
тел. 043/251-522
факс 043/251-856

**е-пошта:**
gradsko1@t-home.mk

**интернет страна:**
www.gradsko.gov.mk

## ЛОКАЦИЈА:
ВАРДАРСКИ РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 3.760 |
| Број на урбани заедници: | 1 |
| Градови: | 0 |
| Број на месни заедници: | 9 |
| Површина: | 290 КМ$^2$ |
| Ден на општината: | 16-ти Декември<br>Ден на општината кога е конституиран првиот совет на општината во 1996, според новата територијална поделба, повторно отворање на општината. |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 77.77 % |
| Албанци: | 3.32 % |
| Турци: | 1.89 % |
| Роми: | 3.38 % |
| Власи: | 0 % |
| Срби: | 0.61% |
| Бошњаци: | 12.37 % |
| Останати: | 0.66 % |

## Опис на ЕЛС
Општината Градско се наоѓа во средното Повардарие распространета на двете страни од реката Вардар се до Планината Клепа. Преку неа минува Автопатот од десната страна на реката Вардар и железничката линија Скопје-Велес-Гевгелија-Грција, од тука се одделува и патот кон Прилеп и Битола. Територијата на Општина Градско зафаќа површина од 290 км$^2$ и според големината се вбројува во групата на средно големи општини, со просечна густина на население од 13 жители на 1км$^2$. Општината опфаќа вкупно 16 населени места , од кои 10 се активни. Централно место и седиште на општината е населбата Градско со околу 3.000 жители, а други постоечки населени места се : Виничани, Водоврати, Горно Чичево, Долно Чичево , Грнчиште, Кочилари, Ногаевци, Подлес и Уланци. Во Општината преовладуваат мали села со помалку од 300 жители, од кои 4 села со помалку од 100 жители, средни по големина има две населби, а само една е поголема. Според географските услови 6 населби се рамнински , 3 се ридски и е планинска. Во однос на седиштето на општината има населби кои се одалечени до 5 км, од 5-10 км и повеќе од 10 км.

## Локален економски развој (ЛЕР)
Стратегија за ЛЕР, 2008-2013

## Профил на општината: 2008-2013

## Главни компаративни предности на ЕЛС:
Локален економски развој
Рурален развој
Урбан развој

## Главни приоритети за локален економски развој:
Изградба на откупен претприемнички центар
Развој на малите и средните преработувачки капацитети на земјоделски производи
Урбанизирана економска зона

## Главни стопански гранки во ЕЛС:
Земјоделство: агробизнис
Услуги: ресторани, туризам, здравствена заштита

## Број на трговски друштва во ЕЛС: 80

## Локален еколошки акциски план (ЛЕАП):
2008-2013 г.

## Главни еколошки проблеми во ЕЛС:
Диви депонии

## Буџет на општината: (МКД)

| | |
|---|---|
| Реализиран буџет во 2008 г.: | 63.838.711 |
| Проектиран буџет за 2009 г.: | 69.771.118 |
| Предвиден буџет за 2010 г.: | 76.748.230 |
| Предвиден буџет за 2011 г.: | 82.329.919 |
| Предвиден буџет за 2012 г.: | / |

## СОВЕТНИЦИ:

Димче Богдановски-нас. Градско
Маријанчо Иванов-нас. Градско
Тони Стоилов-с. Виничани
Ванчо Цветков-нас. Градско
Жанета Чаушевска-нас. Градско
Елена Темелкова-нас. Градско
Весна Бошкова-нас. Градско
Љупчо Иванов-нас. Градско
Николче Ставрев-с. Ногаевци

| Совети на месните/урбаните заедници во општината: |
|---|
| Петре Димчев - Населба Градско |
| Иле Петров - Грнчиште |
| Душан Димитров - Виничани |
| Демир Демири - Кочилари |
| Ивица Богдановски - Долно Чичево |
| Фиуљанин Себахудин - Водоврати |
| Љубе Стојанов - Ногаевци |
| Цане Будимов - Уланци |
| Петре Панов - Подлес |
| Зоран Нацев - Горно Чичево |

## СРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС

### Градоначалник:

Глигор Коцев
партиска припадност: ВМРО-ДПМНЕ
службен телефон: 043/251-522
е-пошта: gradsko1@t-home.mk

Г. Глигор Коцев е градоначалник на Општина Градско, роден во Градско на 04.01.1965 година. Со основно образование се здобива во ООУ „Даме Груев" во родното место. Образованието го продолжува во Велес во гимназијата „Кочо Рацин", а понатаму во Скопје на Земјоделскиот факултет. Прво вработување со здобиеното образование дипл. инж. агроном е во ЗК Вардар А.Д. - Градско. По десетгодишно искуство во раководење на работна единица во 2000 година е избран за градоначалник на општината Градско. Вториот мандат го добива во 2005 година. Успешното водење на општината и реализираните проекти, му го овозможија и третиот мандат за градоначалник на општината Градско во 2009 година.
Г. Глигор Коцев е оженет и татко на седумгодишен син.

### Претседател на Советот:
Жанета Чаушевска
партиска припадност: ВМРО-ДПМНЕ
службен телефон: 043/251-001

## Вкупно вработени во ЕЛС: 9
Структура (по образование): основно: 0/ средно: 1/ вишо: 3/ високо: 5/ магистратура: 0/
Структура (по етничка припадност): Македонци: 9/ Албанци: 0/ Турци: 0/ Роми: 0/ Срби: 0/ Власи: 0/ Бошњаци: 0/ Останати: 0/
Структура (родова застапеност): Мажи: 4/ Жени: 5/
Старосна структура: до 30 год.: 0/ од 30 до 45: 5/ од 45 до 60: 3/ над 60: 0/

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС (СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА)

**ОДДЕЛЕНИЈА**

- ☐ Одделение за финансирање, буџет, локален економски развој и јавни дејности
  вработени: 2
- ☐ Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи
  Раководител: Виолета Малчева
  тел: 043/251-522
  вработени: 2
- ☐ Одделение за урбанизам и комунални работи и заштита на животната средина
  Раководител: Ацо Атанасов
  тел: 043/251-522
  вработени: 4
- ☐ Одделение за инспекциски надзор
  вработени: 1

## ЕЛС ИНДЕКС

Јавно комунално претпријатие: Активно
Име на ЈКП: Комуналец
Адреса на ЈКП: „Маршал Тито", б.б.
тел.:043/251-373
Вид на услуга: Водовод, канализација и смет
Број на вработени: 9
Број на корисници: 800
Стапка на наплата на комунални услуги: 65 %
Директор:
Ѓорѓи Самандов
043/251-373

**Образование:**

**Основно образование:**
ПОУ „Даме Груев" - с. Водоврати
ООУ „Даме Груев" - с. Виничани
ООУ „Даме Груев" - нас. Градско
ПОУ „Даме Груев" - с. Ногаевци
ПОУ „Даме Груев" - с. Кочилари

**Здравствена заштита:**
ПЗУ д-р Дервишова - нас. Градско
ПЗУ д-р Чаушевска - д-р Кичуков - нас. Градско

**Култура:**
Дом на културата „Крсте Петков Мисирков" - нас. Градско

**Најважни културни настани / манифестации во општината:**
Ден на општината (16 декември);
Фолклоријада на 24 август.

## ПРОЕКТИ НА ЕЛС

**Позначајни реализирани проекти во изминатите четири години:**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Изградба на канализациска мрежа во с. Виничани | Министерство за транспорт и врски | 602.700 |
| Изградба на локалниот пат Градско - село Долно Чичево со должина 6,2 км | Агенција за недоволно развиените стопански подрачја, Вардар 03 А.Д. - Градско, АГРИА-Велес | 1.660.500 |
| Изградба на резервоар од 250 м$^3$ во нас. Градско | УСАИД | 3.690.000 |
| Асфалтирање на локалниот пат Градско - село Уланци со должина од 1 км | Светска банка | 2.829.000 |
| Реконструкција на училишната зграда во селото Водоврати | Германска амбасада | 492.000 |
| Систем на водоснабдување во селото Кочилари | Фонд за води, Министерство за земјоделство, шунарство и водостопанство | 1.199.988 |

**Тековни проекти**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Изградба на фекална канализација за селото Градско | Министерство за транспорт и врски на Р. Македонија | 2.999.970 |
| Изградба на резервоар за вода за пиење од 100 м$^3$ во нас. Градско | Германска амбасада | 1.230.000 |
| Програма за ЕЛС | УСАИД | 615.000 |
| Реновирање на училишниот објект во с. Виничани | УСАИД | 1.230.000 |

**Планирани проекти во иднина**

| Проект |
|---|
| Изградба на пречистителна станица |
| Реконструкција на водоводни системи |
| Изградба на локални патишта |

## ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

**Соработка со граѓански организации:**

| |
|---|
| НВО „Мрена" |
| НВО „Локомотива" |
| НВО Младински совет на Градско |
| НВО „Илинден" с. Виничани |

# Општина Дебар

## Komuna e Dibrës


**Адреса на седиштето:**
8 септември 72
1250 Дебар

**Контакт:**
тел. 046/831-196
факс 046/831-015

**е-пошта:**
debar@cig.org.mk

**интернет страна:**
www.dibra.gov.mk

### ЛОКАЦИЈА:
ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 19.542 |
| Број на урбани заедници: | 4 |
| Градови: | 1 |
| Број на месни заедници: | 7 |
| Површина: | 145 КМ$^2$ |
| Ден на општината: | 08-ми Септември ден на ослободувањето од фашизмот, 1943 г. |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 20.01 % |
| Албанци: | 58.07 % |
| Турци: | 13.73 % |
| Роми: | 5.53 % |
| Власи: | 0.01 % |
| Срби: | 0.11 % |
| Бошњаци: | 0.02 % |
| Останати: | 2.52 % |

## Опис на ЕЛС

Дебар е древен град, и неговото име се споменува уште во петтиот век пред нашата ера, а подоцна и во 1-виот век од нашата ера од Страбон и Плин. Тие го спомнуваат племето на Добери (Илирско племе) кои го основале градот под името Добер. Птоломеј во 2-иот век од нашата ера го потврдува планот на градот наречен Добер, Доберус или Доборо и неговите жители како добери.

Низ историјата Дебар беше дел од Деспотатот на Епир, Византија, и други а во 14 век бил под Отоманската империја. Во времето на Гјергј Кастриот Скендербег, Дебар е позициониран на граничната линија на конфликтот против Отоманската Империја, (1443-1465).

Дебар одиграл важна улога во 1878 во одржувањето на Призренската Лига (сојуз) важен настан за Албанскиот народ.

Дебар бил прочуен трговски и занаетчиски центар, кој одиграл значајна улога во историјата на овие региони. До 1912 год. Дебар бил еден од најразвиените градови во регионот како од економски, занаетчиски, трговски и на културен и социјален план. Во ова време, Дебар имаше 11.000 жители и 462 дуќани. Но поради разни турбуленции и збиднувања во регионот, подоцна Дебар ја губи својата позиција, така што денес се вбројува меѓу најнеразвиените подрачја во Македонија и покрај поволните околности за поразвиен крај.

## Локален економски развој (ЛЕР)

Стратегија за ЛЕР, до -2015

## Профил на општината: 2009-2012

### Главни компаративни предности на ЕЛС:

Природни богатства и ресурси- гипс, вода, геотермални води и др.
Можности за алтернативен туризам (планински, бањски, рурален, езерски, културно-историски, спортско-рекреативен туризам и др.)
Погранична стратешка позиција на територијата на Дебар (преку патот на Арбри, Дебар ќе стане најблиската точка на Македонија со меѓународни пристаништа)

### Главни приоритети за локален економски развој:

Развој на основата на економијата (лесно незагадувачки индустриски зони, основна инфраструктура и упростување на правно-административните и економските процедури за развој на малите и средните претпријатија) и повлекување странски директни инвестиции
Развој и стандардизирање на карактеристични земјоделски производи од висок квалитет
Развој на локалниот туризам и промовирање на меѓуграничната и меѓуопштинската/ регионалната соработка

### Главни стопански гранки во ЕЛС:

Земјоделство: агробизнис, шумарство, рударство
Производство: енергетика, градежништво
Услуги: транспорт и дистрибуција, ресторани, туризам, банки

### Број на трговски друштва во ЕЛС: 750

## Стратешки/Плански документи на општината:

| Наслов | Период |
|---|---|
| Стратешки план за развој на културата | 2008-2013 |

## Локален еколошки акциски план (ЛЕАП):

Подготвен за периодот , 2009-2015 г.

## Главни еколошки проблеми во ЕЛС:

Диви депонии, загадување на водата, загадување на воздухот

## Буџет на општината:

| | МКД |
|---|---|
| Реализиран буџет во 2008 г.: | 222.665.152 |
| Проектиран буџет за 2009 г.: | 260.243.000 |
| Предвиден буџет за 2010 г.: | 286.267.300 |
| Предвиден буџет за 2011 г.: | / |
| Предвиден буџет за 2012 г.: | / |

## СОВЕТНИЦИ:

Берзат Османовски-с. Долно Косоврасти
Гезим Аџиалили- Дебар
Абдул Колеци - Дебар
Агрон Марку- Дебар
Лумтурије Џафа- Дебар
Низамедин Папранику- Дебар
Улумбије Цами-Дебар
Петрит Имами- Дебар
Џеват Куртиши- Дебар
Шкелќим Села- Дебар
Ќемал Џафа-Дебар
Фатмир Имероски-с. Могорче
Башким Села- Дебар
Шанија Ајроски- Дебар
Наиме Туркеши- Дебар

| Совети на месните/урбаните заедници во општината: |
|---|
| Џеват Телќиу - Венец 1 и Венец 2 - Дебар |
| Африм Лела - Трети реон Дебар |
| Осман Машкули - Втори реон Дебар |
| Башким Пјеча - Први реон Дебар |
| Шефќет Нуредини - МЗ - селата Бањиште, Аме и Кривци |
| Шабан Џаферовски - МЗ - с. Џепиште |
| Абдула Фидовски - МЗ - село Отишани |
| Казафер Џемаилоски - МЗ - село Горно Косоврасти |
| Авзија Муслиовски - МЗ - село Долно Косоврасти |
| Сефер Малоски - МЗ - селата Могорче, Гари и Осој |
| МЗ - селата Селокуќи, Спас и Шулан |

## СРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС

### Градоначалник:

Аргетим Фида
партиска припадност: ДУИ
службен телефон: 046/831-196
е-пошта: dr_argetim@yahoo.com

Аргетим Фида е роден на 22 јануари 1963 г. во Дебар. Основно и средно образование завршил во родниот град, а Медицинскиот факултет на Приштинскиот универзитет. Специјализира гинекологија на Медицинскиот факултет при Клиничкиот центар во Скопје. Добро ги познава англискиот, францускиот и германскиот јазик. Во текот на своето работење, стекнал искуство во Швајцарија, во САД, а долго време работел како лекар во општата болница во Дебар. Од спортот, најмногу ги сака спортовите на брзи води, а спортски се занимавал со кајак и кану. Драги му се сите добиени награди како резултат на исклучителната посветеност на она што го работи, а особено ја истакнува наградата на НВО „Во светот на успехот" како еден од петте најуспешни градоначалници во Македонија. Доби втор мандат во 2009 г. како градоначалник на Дебар. Женет е и татко на две деца.

### Претседател на Советот:

Низамедин Папранику
партиска припадност: ДУИ
службен телефон: 046/831-196

## Вкупно вработени во ЕЛС: 50

Структура (по образование): основно: 0/ средно: 0/ вишо: 7/ високо: 10/ магистратура: 2/
Структура (по етничка припадност): не се доставени податоци
Структура (родова застапеност): Мажи: 40/ Жени: 10/
Старосна структура: не се доставени податоци

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС (СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА)

**СЕКТОРИ**

- ☐ Сектор за урбанизам и просторно планирање
  Раководител: Газмед Цами
  тел: 046/831-555
  вработени: 7

**ОДДЕЛЕНИЈА**

- ☐ Одделение за комунални работи
  Раководител: Петрит Пачуку
  тел: 046/831-555
  вработени: 5

- ☐ Одделение за правни и општи работи
  Раководител: Адраман Тозлуку
  тел: 046/831-196
  вработени: 12

- ☐ Одделение за противпожарна заштита
  Раководител: Џетан Мифтаровски
  тел: 046/831-120
  вработени: 11

- ☐ Одделение за финансии, буџет и локален економски развој
  Раководител: Ќазим Ќормемети
  тел: 046/831-196
  вработени: 9

## Подрачни единици на министерствата на РМ во ЕЛС:

**Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за правда, Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за финансии, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука**

## ЕЛС ИНДЕКС

Јавно комунално претпријатие: Активно
Име на ЈКП: Стандард
Адреса на ЈКП: „Ице Ристевски”
тел.:046/831-500
Вид на услуга: Водовод, канализација и јавна хигиена
Број на корисници: 3.400
Стапка на наплата на комунални услуги: 50 %
Директор:
Мазлум Леши
тел. 046/831-500

**Образование:**

**Основно образование:**
ОУ „Ристе Ристевски” - с. Косоврасти и Долно Џепчиште
ОУ „Саид Најдени” - Дебар
ОУ „Братство-единство” - Дебар

**Средно образование:**
СУ „Здравко Чочковски” - Дебар

**Здравствена заштита:**
Амбуланти - Дебарските села
Секундарна медицина - Дебар
Примарна медицина - Дебар

**Култура:**
Дом на културата - Дебар

**Најважни културни настани / манифестации во општината:**
Денови на дебарската култура (во летните месеци се одржуваат редовни културно-историски настани, фестивал на театарот, спортски настани и игри и др., однапред одредени во програмата на општината Дебар)

**Противпожарна заштита:**
Противпожарна куќа
тел.: 046/831-120

## ПРОЕКТИ НА ЕЛС

**Позначајни реализирани проекти во изминатите четири години:**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Проекти - денови на културата | Општина Дебар, Холандска амбасада | 6.150.000 |
| Развој на општината и културата | Општина Дебар, Министерство за култура, Светска банка | 10.890.000 |
| Реконструкција (асфалтирање) на улици во населбата Ќенаница | Општина Дебар, УСАИД/МДВ | 6.098.400 |
| Прекугранична соработка преку планирање и инвестирање во областа на животната средина | Општина Дебар, РЕЦ | 1.845.000 |
| Форуми на заедницата | Швајцарска агенција за развој | 7.995.000 |
| СИП-3 (проект за социјална инфраструктура) | КФВ банка, Општина Дебар | 21.525.000 |

**Планирани проекти во иднина**

| Проект |
|---|
| Наводнување на Дебарското поле со слободен пад од реката Радика |
| Инфраструктура за економската зона во Дебар (поранешна касарна) |
| Спортска сала во Дебар |

## ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

**Соработка со граѓански организации:**

| |
|---|
| КУД „Хаки Стрмили” |
| „Месечина” (НВО на ромската заедница) |
| Арт клуб Дебар (друштво на писателите) |
| Театар „Ќемал Ајдини” |
| Карате клуб Уранику |
| Фудбалски клуб Кораб |
| Кајакарсиот клуб |
| Еколошко друштво „Дешат” |
| СРД Трофта |
| Центар за одржлив развој на заедницата Дебар |
| 1 долар за Дебар |
| Центар за одржлив развој на заедницата Дебар |

# Општина Дебарца


**Адреса на седиштето:**
6344 Белчишта

**Контакт:**
тел. 046/286-855
факс 046/286-855

**е-пошта:**
belcista@t-home.mk

**интернет страна:**
www.debarca.gov.mk


## ЛОКАЦИЈА:
ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 5.507 |
| Број на урбани заедници: | 0 |
| Градови: | 0 |
| Број на месни заедници: | 30 |
| Површина: | 414 КМ$^2$ |
| Ден на општината: | 3-ти Октомври<br>Ден на објавувањето на Манифестот на Г.Ш. на НОВ и ПОМ во с. Црвена Вода, во 1943 година. |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 96.68 % |
| Албанци: | 2.78 % |
| Турци: | 0.04 % |
| Роми: | 0 % |
| Власи: | 0.02 % |
| Срби: | 0.15 % |
| Бошњаци: | 0 % |
| Останати: | 0.35 % |

## Опис на ЕЛС
Општина Дебарца географски му припаѓа на Охридско-Преспанскиот базен и се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија. Највисоката точка на општината е на 2.242 м надморска висина, а најниската е на 697 м надморска висина.
Зафаќа површина од 414 км$^2$,со вкупно 30 населени места и население од 5.507 жители.
Седиштето на општината е во с.Белчишта.
Според конфигурацијата на земјиштето општина Дебарца може да се подели на 3 (три) дела: долна, средна и горна Дебарца. Долниот дел на општина Дебарца (поранешна општина Мешеишта) е пред се рамничарски дел.
Горниот дел на општината Дебарца е познат по ридскопланинските терени и шумски површини.

## Локален економски развој (ЛЕР)
Стратегија за ЛЕР, 2009-2013

## Профил на општината: 2009-2013

## Главни компаративни предности за општината:
Природни неискористени ресурси, особено богат фонд на земјоделско земјиште
Добра изграденост со комунална и патна инфраструктура
Поволна географска положба и климатски услови

## Главни приоритети за локален економски развој:
Одржлив развој на локалната економија, во прв ред на земјоделството и производството на еколошки здрава храна
Одржлив развој на руралниот туризам
Заштита на животната средина

## Главни стопански гранки во ЕЛС:
Земјоделство: агробизнис, шумарство
Производство: текстил
Услуги: туризам

## Број на трговски друштва во ЕЛС: 120

## Локален еколошки акциски план (ЛЕАП):
Подготвен за периодот , 2006-2011 г.

## Главни еколошки проблеми во ЕЛС:
Диви депонии

## Буџет на општината:

| | МКД |
|---|---|
| Реализиран буџет во 2008 г.: | 55.300.000 |
| Проектиран буџет за 2009 г.: | 66.900.000 |
| Предвиден буџет за 2010 г.: | 73.590.000 |
| Предвиден буџет за 2011 г.: | 80.949.000 |
| Предвиден буџет за 2012 г.: | 89.000.000 |

## СРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС

### Градоначалник:

Љупчо Којчиноски
партиска припадност: СДСМ
службен телефон: 046/286-855
е-пошта: belcista@t-home.mk

Роден е на 15.08.1961 година во Охрид. Живее во с. Лешани, општина Дебарца. По занимање е дипл. градежен инженер. Оженет и татко е на две деца. На локалните избори 2009 г. по четврти пат е избран за градоначалник на општината. Секогаш определен за живот во Дебарца. Во изминатиот период направени се дела со кои се реализира зацртаната визија - општината да прерасне во пристојно место за живеење и творење.

### Претседател на Советот:
Томе Тутурески
партиска припадност: СДСМ

## СОВЕТНИЦИ:

Доксана Трпоска-с. Волино
Благојче Блажески-с. Белчишта
Боби Силјаноски-с. Лешани
Целе Качароски-с. Белчишта
Јован Мирчески-с. Слатино
Богоја Чалдрмоски-с. Волино
Милена Јолакоска-с. Оровник
Светлана Костоска-с. Требеништа
Стојан Прензоски-с. Велмеј
Николина Балтоска-с. Мешеишта

| Совети на месните/урбаните заедници во општината: | |
|---|---|
| Ристе Андоноски - МЗ с. Ново Село | Јован Мирчески - МЗ с. Слатино |
| Богоја Тодороски - МЗ с. Горенци | Војдин Николески - МЗ с. Црвена Вода |
| Илија Јованоски - МЗ с. Требеништа | Живко Дојчиноски - МЗ с. Песочани |
| Ацо Илинкоски - МЗ с. Волино | Методија Шулески - МЗ с. Издеглавје |
| Игор Крцоски - МЗ с. Мешеишта | Тане Шулески - МЗ с. Оздолени |
| Никола Димитриески - МЗ с. Климештани | - МЗ с. Слатински Чифлик |
| Дончо Димоски - МЗ с. Ботун | Ѓорѓија Ангелески - МЗ с. Арбиново |
| Томе Левески - МЗ с. Белчишта | Цветко Цветаноски - МЗ с. Сливово |
| Ило Илоски - МЗ с. Злести | Стојан Петрески - МЗ с. Турје |
| Ристо Наумоски - МЗ с. Горно Средорече | Китан Василески - МЗ с. Мраморец |
| Богоја Целески - МЗ с. Долно Средорече | Диме Ристески - МЗ с. Врбјани |
| Ило Иваноски - МЗ с. Лешани | Ѓорѓија Попоски - МЗ с. Годивје |
| Наумче Новески - МЗ с. Грко Поле | Коле Донески - МЗ с. Лактиње |
| Борче Мирчески - МЗ с. Оровник | Петре Голабоски - МЗ с. Велмеј |
| Димитрија Нејкоски - МЗ с. Брежани | Ацо Андрески - МЗ с.Сошани |

## Вкупно вработени во ЕЛС: 12
Структура (по образование): основно: 0/ средно: 7/ вишо: 0/ високо: 5/ магистратура: 0/
Структура (по етничка припадност): Македонци: 12/ Албанци: 0/ Турци: 0/ Роми: 0/ Срби: 0/ Власи: 0/ Бошњаци: 0/ Останати: 0/
Структура (родова застапеност): Мажи: 6/ Жени: 6/
Старосна структура: до 30 год.: 0/ од 30 до 45: 4/ од 45 до 60: 7/ над 60: 1/

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС (СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА)

**ОДДЕЛЕНИЈА**

- ☐ Одделение за управување со човечки ресурси
- ☐ Одделение за комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој
  вработени: 3
- ☐ Одделение за правни, финансиски, општи работи и јавни дејности
  вработени: 9

## ЕЛС ИНДЕКС

Јавно комунално претпријатие: Активно
Име на ЈКП: „Дебрца"
Адреса на ЈКП: 6344 Белчишта
тел.:046/286-887
факс: 046/286-887
Вид на услуга: Комунални услуги
Број на вработени: 9
Број на корисници: 670
Стапка на наплата на комунални услуги: 80 %
Директор:
Стојмир Велјаноски
тел. 046/286-887

## ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

**Соработка со граѓански организации:**

| |
|---|
| НВО „Светост" с.Лешани |
| Уметничка колонија „Дебарца" с. Белчишта |
| НВО „Благост" с. Велмеј |

**Образование:**

**Основно образование:**
ПП „Дебрца" - с. Издеглавје
ПП „Дебрца" - с. Лешани
ПП „Дебрца" - с. Злести
ПП „Дебрца" - с. Ботун
ПП „Дебрца" - с. Волино
ПП „Дебрца" - с. Горенци
ПП „Дебрца" - с. Оровник
ПУ „Дебрца" - с. Велмеј
ПУ „Дебрца" - с. Мешеишта
ПУ "Дебрца" - с. Требеништа
ЦОУ „Дебрца" - с. Белчишта

**Здравствена заштита:**
Приватни здравствени организации - амбуланти за примарна здравствена заштита во селата Требеништа, Мешеишта, Белчишта, Лешани, Велмеј, Сливово и Слатино -

**Култура:**
Во поголемите села постојат културни задружни домови (Мешеишта, Оровник, Белчишта)
-Уметничка колонија "Дебрца" с.Белчишта
-КУД "Илинден" с.Оровник
-КУД "Гоце Делчев" с.Волино

**Најважни културни настани / манифестации во општината:**
Интернационална Уметничка ликовна колонија Дебрца

## ПРОЕКТИ НА ЕЛС

**Позначајни реализирани проекти во изминатите четири години:**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Изградба на фекална канализација во с.Оровник | Министерство за транспорт и врски | 12.300.000 |
| Реконструкција на водоводот во с.Оровник | Министерство за транспорт и врски | 3.075.000 |
| Реконструкција на основното училиште во с. Мешеишта | УСАИД | 6.150.000 |
| Реконструкција на основното училиште во с. Злест | УСАИД | 4.920.000 |
| Изградба на пречистителна станица за с. Белчишта | РЕЦ | 3.075.000 |
| Изградба на регионален водовод | Програма КАРДС | 30.750.000 |

**Тековни проекти**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Изградба на доводен цевковод за с. Волино | Министерство за транспорт и врски | 2.460.000 |
| Изградба на резервоар за водоснабдување за с. Горенци | Министерство за транспорт и врски | 6.150.000 |
| Изградба на водовод за с. Мраморец | Фонд за води | 3.690.000 |

**Планирани проекти во иднина**

| Проект |
|---|
| Реконструкција на локалните патни правци за с. Врбјани, с. Годивје и с. Лактиње |
| Изградба на патен правец Волино - Мороишта |
| Реконструкција на ОУ во с. Волино |
| Реконструкција на ОУ во с. Требеништа |
| Изградба на фекална канализација за с. Мешеишта |

# Општина Делчево

**Адреса на седиштето:**
Методи Митевски Брицо 40
2320 Делчево

**Контакт:**
тел. 033/413-521
факс 033/411-550

**е-пошта:**
opde@sonet.com.mk

**интернет страна:**
www.delcevo.gov.mk

## ЛОКАЦИЈА:
ИСТОЧЕН РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 17.505 |
| Број на урбани заедници: | 7 |
| Градови: | 1 |
| Број на месни заедници: | 16 |
| Површина: | 423 КМ$^2$ |
| Ден на општината: | 7-ми Септември<br>Ден на ослободувањето на Делчево |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 95.04 % |
| Албанци: | 0.04 % |
| Турци: | 0.70 % |
| Роми: | 3.72 % |
| Власи: | 0.02 % |
| Срби: | 0.20 % |
| Бошњаци: | 0 % |
| Останати: | 0.28 % |

## Опис на ЕЛС
Општина Делчево го зафаќа североисточниот дел на РМ. Сместена е во котлината Пијанец и се протега по горниот тек на р.Брегалница. На југ граничи со општините Пехчево и Берово, на запад со Виница, на северозапад со општината М.Каменица, а на исток и североисток со Р.Бугарија. Бугарската граница е оддалечена само 10 км од Делчево и се наоѓа на 164 км источно од Скопје, 146 км југозападно од Софија и 180 км северно од Солун, во подножјето на планината Голак. Делчево лежи на еден многу важен крстопат преку кој во напореднички правец води најкусата врска меѓу долината на реката Вардар од една, и долината на реката Струма од друга страна. Надморската височина е од 600 до 700 м, климата е умерено-континентална со средна годишна температура до 10,7 степени целзиусови.

## Локален економски развој (ЛЕР)
Стратегија за ЛЕР, 2007-2012

## Профил на општината: 2007-2012

## Главни компаративни предности на ЕЛС:
Ресурси и способности на заедницата
Деловна клима
Квалитет на животот

## Главни приоритети за локален економски развој:
Развој на мали и средни стопанства, со привлекување странски инвестиции
Рестартирање на постоечките капацитети
Развој на земјоделството (овоштарство) и сточарството

## Главни стопански гранки во ЕЛС:
Земјоделство: шумарство
Производство: градежништво
Услуги: осигурување, банки, здравствена заштита

## Број на трговски друштва во ЕЛС: 323

## Стратешки/Плански документи на општината:

| Наслов | Период |
|---|---|
| Локален акциски план за социјална заштита | 2006-2007 |
| Програма за рурален развој | 2009-2013 |
| План за управување со отпадот | 2008-2012 |
| Туристички акциски план | 2008-2014 |
| Локален акциски план за образование | 2007-2010 |

## Локален еколошки акциски план (ЛЕАП):
2005-2015 г.

## Главни еколошки проблеми во ЕЛС:
Диви депонии

## Буџет на општината: (МКД)

| | |
|---|---|
| Реализиран буџет во 2008 г.: | 82.791.187 |
| Проектиран буџет за 2009 г.: | 130.171.347 |
| Предвиден буџет за 2010 г.: | 143.188.482 |
| Предвиден буџет за 2011 г.: | 156.205.616 |
| Предвиден буџет за 2012 г.: | 170.930.180 |

## СОВЕТНИЦИ:

Тони Трајановски-Делчево
Николче Трајановски-Делчево
Елизабета Тасевска-Делчево
Мира Стојчевска-Делчево
Ванчо Стојмирски-Делчево
Зоран Станоевски-Делчево
Тонкица Петровска-Делчево
Љупчо Петровски-Делчево
Игор Јовановски-Делчево
Тони Ѓорѓиевски-Делчево
Снежана Ѓорѓиевска-Делчево
Светлана Ѓорѓиевска-Делчево
Слободанчо Димитровски-Делчево
Горан Георгиевски-Делчево
Митко Антовски-Делчево

| Совети на месните/урбаните заедници во општината: |
|---|
| Васко Станковски - Свегорска Река |
| Младен Димитровски - Стар Расадник |
| Тоде Лефковски - Вељко Влаховиќ |
| Миле Ангеловски - Трети реон |
| Методија Стојчевски - Втори реон |
| Орце Гоцевски - Први реон |
| Јане Лековски - Ново Делчево |
| Стоил Марковски - МЗ с. Илиово |
| Трајчо Ивановски - МЗ с. Стамер |
| Трајан Стојанов - МЗ с. Бигла |
| Јордан Витановски - МЗ с. Селник |
| Драган Николовски - МЗ с. Турија |
| Стане Стојановски - МЗ с. Полето |
| Горан Велков - МЗ с. Свегор |
| Ѓорѓи Цинцовски - МЗ с. Тработивиште |
| Тоше Илиевски - МЗ с. Вирче |
| Драган Стоичов - МЗ с. Град |
| Љупчо Петровски - МЗ с. Очипала |
| Методи Калаџиски - МЗ с. Разловци |
| Звонко Јочевски - МЗ с. Стар Истевник |
| Богатин Георгиев - МЗ с. Косово Дабје |
| Слободан Ников - МЗ с. Киселица |
| Ванчо Петровски - МЗ с. Габрово |

## СРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС

### Градоначалник:

Горан Малешевски
партиска припадност: ВМРО-ДПМНЕ
службен телефон: 033/413-521
е-пошта: opde@sonet.com.mk

Горан Малешевски е роден во Делчево на 25.02.1977 година. Основно и средно училиште завршил во родниот град. Дипломирал на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2000 година. Има положено правосуден испит. Одлично се служи со англискиот јазик и има познавање од напредни компјутерски вештини.
Работно искуство: 2001-2002 г. добива волонтерски стаж во Основниот суд во Делчево, во 2003 г. работи како секретар во ЈВП Водостопанство на Република Македонија, Подружница Делчевско Поле, Делчево, во 2005 г. е запишан во Именикот на адвокатите при Адвокатската комора на Република Македонија (Лиценца бр. 1975). Заснова работен однос од 22.08.2005 година.
Од 2007 до март 2009 г. бил раководител на Центарот за вработување на Делчево при Агенцијата за вработување на Република Македонија.

### Претседател на Советот:
Тони Трајановски
партиска припадност: ВМРО-ДПМНЕ

## Вкупно вработени во ЕЛС: 41

Структура (по образование): не се доставени податоци
Структура (по етничка припадност): Македонци: 39/ Албанци: 0
Турци: 1/ Роми: 1/ Срби: 0/ Власи: 0/ Бошњаци: 0/ Останати: 0/
Структура (родова застапеност): Мажи: 20/ Жени: 21/
Старосна структура: не се доставени податоци

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС (СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА)

### СЕКТОРИ

- Сектор за уредување на градежното земјиште, изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици
  вработени: 9
- Сектор за финансирање, буџет, сметководство и даноци
  вработени: 7
- Сектор за правни и општи работи, јавни дејности и ЛЕР
  вработени: 16

### ОДДЕЛЕНИЈА

- Одделение за внатрешна ревизија
  вработени: 1
- Одделение за управување со човечки ресурси
  Раководител: Владимир Мерзликин
  тел: 033/413-521
  вработени: 3
- Одделение за инспекциски надзор
  Раководител: Крум Николовски
  тел: 033/410-807
  вработени: 5
- Одделение за уредување на градежното земјиште, изградба, одржување и реконструкција на локалните патишта и улици
  Раководител: Ѓорѓи Јанковски
  тел: 033/413-727
  вработени: 3
- Одделение за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и природата
  Раководител: Бистра Господинова-Јаневска
  тел: 033/411-487
  вработени: 6
- Одделение за даноци, локални такси и надоместоци
  Раководител: Шабан Багашев
  тел: 033/413-521
  вработени: 3
- Одделение за финансирање и буџет
  Раководител: Анка Христова
  тел: 033/413-521
  вработени: 4
- Одделение за јавни дејност и ЛЕР
  вработени: 5
- Одделение за правни и општи работи
  Раководител: Димитар Арсов
  тел: 033/413-521
  вработени: 11

## Подрачни единици на министерствата на РМ во ЕЛС:

**Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за правда, Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за финансии, Министерство за транспорт**

## ЕЛС ИНДЕКС

Јавно комунално претпријатие: Активно
Име на ЈКП: ЈПКД „Брегалница" - Делчево
Адреса на ЈКП: „М. М. Брицо", б.б.
тел.:033/211-254
факс: 033/411-100
Вид на услуга: Собирање и транспортирање отпад, водоснабдување, погребални услуги, одржување на парковите и зеленилото
Број на вработени: 91
Број на корисници: 4.000
Стапка на наплата на комунални услуги: 65 %
Директор:
Николчо Николовски
тел. 033/411-100

**Образование:**

**Основно образование:**
ОУ „Св.Климент Охридски" -Делчево
ОУ „Ванчо Прке" - Делчево

**Средно образование:**
ДСУ „М.М.Брицо" - Делчево

**Здравствена заштита:**
ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев" Делчево

**Култура:**
ЈЛБ „Илинден " -Делчево
НУЦК „Н. Ј. Вапцаров" - Делчево
Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен музеј „Пијанец"

**Најважни културни настани / манифестации во општината:**
Одбележување на годишнина од Разловечкото востание, во месец мај;
Завршен дел на Меѓународната научно културна манифестација „Гоцеви денови" во месец јуни;
Ден на културата, 10 јуни;
Осми и деветти Август, Голачки фолклорни средби;
Пијанечко малешевска свадба, месец Септември;

**Противпожарна заштита:**
ТППЕ Делчево
тел.: 193

## ПРОЕКТИ НА ЕЛС

**Позначајни реализирани проекти во изминатите четири години:**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Бизнис-центар за Делчево и за Македонска Каменица | Министерство за економија | 495.690 |
| Меѓуопштинска е-соработка во микрорегионот Делчево, Виница, Пехчево и Берово | ОБСЕ | 1.230.000 |
| Заеднички денови на учењето преку целиот живот | ЦБЦ КАРДС 2005 | 1.968.000 |
| Потопли училници со помалку енергија | УСАИД, ПЕП ПРОЕКТ | 1.291.500 |
| Отворен општински буџет | СОРОС | 1.660.500 |
| Изработка на профил и стратешки план за локален економски развој | УСАИД | 307.500 |
| Чистење на јавните зелени површини и ендеци во градот Делчево | МЛС и МТВ | 922.500 |
| Посредување при вработувањето млади високообразовани кадри - ЕМИ | УНДП | 861.000 |

**Тековни проекти**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Довршување на дел од колекторот во централното подрачје во селото Габрово | АЛКА | 768.750 |

**Планирани проекти во иднина**

| Проект |
|---|
| Изградба на пречистена станица за отпадните води |
| Промоција за развој на Голак во туристички центар |
| Инфраструктурно уредување на индустриската зона „Долни бавчи" |
| Реконструкција на застарената водоводна мрежа |
| Уредување на коритото на реката Брегалница во централното градско подрачје |
| Изградба на филтер-станица за вода за пиење во с. Тработивиште - изработена е техничка документација |
| Довршување на колекторскиот систем во с. Габрово и с. Свегор |

## ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

**Соработка со граѓански организации:**

| |
|---|
| ЗРА „Пијанечки глас" |
| ХДЗР КХАМ Делчево |
| ЗГ „Гласот на младите" |
| РЦЗ Делчево и Глобален еколошки фонд |
| Регионален центар за застапување/ ФИООМ |

# Општина Демир Капија

**Адреса на седиштето:**
11-ти Октомври бб
1442 Демир Капија

**Контакт:**
тел. 043/366-212
факс 043/366-212

**е-пошта:**
opstinadk@yahoo.com

**интернет страна:**

## ЛОКАЦИЈА:
ВАРДАРСКИ РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 4.545 |
| Број на урбани заедници: | 2 |
| Градови: | 1 |
| Број на месни заедници: | 7 |
| Површина: | 363 КМ$^2$ |
| Ден на општината: | 7-ми Ноември<br>Ден на ослободувањето на Демир Капија |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 87.94 % |
| Албанци: | 0.51 % |
| Турци: | 7.57 % |
| Роми: | 0.35 % |
| Власи: | 0 % |
| Срби: | 2.90 % |
| Бошњаци: | 0.02 % |
| Останати: | 0.70 % |

## Опис на ЕЛС
Како посебна единица на локалната самоуправа, Општина Демир Капија е формирана во 1996 година, претходно била во состав на Општина Неготино. Вкупната површина на Општината е 363 км$^2$, а според последниот попис на населението извршен во 2002 година, на територијата на Општината живеат 4.545 жители.
Општина Демир Капија се наоѓа во јужниот дел на Република Македонија односно во југоисточниот дел на Тиквешката Котлина. Општината се граничи со следните населени места: Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Валандово и Конче. Има многу добра сообраќајна поврзаност, бидејќи по долината на река Вардар денес води меѓународниот автопат Е-75 како и железничката линија Скопје-Солун. Општината е сместена во живописната Демиркаписка клисура и низ неа поминуваат важни патни и железнички сообраќајници. Општината се одликува со богат и разновиден животински и растителен свет и изобилство на природни ресурси. Непосредните рељефни особености на Демир Капија посебно Демиркаписката клисура (долга околу 19 км), ретко убавите стени, кањоните на Иберлиска река која се влива во реката Вардар, пештерата "Змејовец ", пештерата "Бела Вода" најдолга пештера во Демиркаписко со вкупна должина на двата канала од 955 м , имаат посебно место во развојот на туризмот во Демир Капија.

## Локален економски развој (ЛЕР)
Стратегија за ЛЕР, 2008-2013

## Главни компаративни предности на ЕЛС:
Поволна геостратегиска положба
Природните реткости – спеолошки, археолошки локалитети, ретки видови флора и фауна
Поволни климатски услови за развој на земјоделството - лозарство

## Главни приоритети за локален економски развој:
Инфраструктура
Туризам
Земјоделство

## Главни стопански гранки во ЕЛС:
Земјоделство: агробизнис, рибарство, шумарство
Производство: текстил
Услуги: ресторани, здравствена заштита

## Број на трговски друштва во ЕЛС: 182

## Стратешки/Плански документи на општината:

| Наслов | Период |
|---|---|
| Стратегија за локален развој | 2008-2013 |
| Програма за изградба на локални патишта и улици | / |
| Програма за уредување на градежното земјиште | / |
| Програма за капитални инвестиции за Општина Демир Капија | 2006-2010 |

## СРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС

### Градоначалник:

Трајче Димитриев
партиска припадност: ВМРО-ДПМНЕ
службен телефон: 046/366-212
е-пошта: els.demirkapija@yahoo.com

Трајче Димитриев е градоначалник на општината Демир Капија од април 2009 година, избран на непосредни локални избори со мандат од четири години.
Роден е на 13.09.1957 година во Скопје. Оженет, татко е на две деца. Работен историјат: Во периодот од 1996 до 2000 година бил градоначалник на Општина Демир капија; Во периодот од 2001 до 2005 година беше градоначалник на Општина Демир капија; Пред изборот за градоначалник бил сопственик на приватна фирма.

### Претседател на Советот:

Петар Мојсов
партиска припадност: ВМРО-ДПМНЕ
службен телефон: 043/366 -431

## СОВЕТНИЦИ:

Менча Николова-Демир Капија
Блаже Пемов-Демир Капија
Гоце Велков-Демир Капија
Даница Арсова-Демир Капија
Слободан Коцев-Демир Капија
Мирзат Јусуфов-с. Корешница
Валентина Крстевска-Демир Капија
Зоран Стојанов-Демир Капија
Петар Мојсов-Демир Капија

| Совети на месните/урбаните заедници во општината: |
|---|
| Владо Петров - МЗ Демир Капија 2 |
| Блажо Иванов - МЗ Демир Капија 1 |
| Мејдин Усинов - Челевец |
| Стефан Митрев - Барово |
| Тодор Стојанов - Дрен |
| Бранко Лазов - Чифлик |
| Ќиро Тасев - Пржде́во |
| Живко Шипинков - Бистренци |
| Мемед Пашов - Корешница |

## Локален еколошки акциски план (ЛЕАП):

2006-2011 г.

## Главни еколошки проблеми во ЕЛС:

Диви депонии

## Буџет на општината: (МКД)

| | |
|---|---|
| Реализиран буџет во 2008 г.: | 31.208.110 |
| Проектиран буџет за 2009 г.: | 38.496.551 |
| Предвиден буџет за 2010 г.: | 40.421.379 |
| Предвиден буџет за 2011 г.: | 41.576.275 |
| Предвиден буџет за 2012 г.: | / |

## Вкупно вработени во ЕЛС: 12

Структура (по образование): основно: 1/ средно: 4/ вишо: 3/ високо: 4/ магистратура: 0/
Структура (по етничка припадност): Македонци: 12/ Албанци: 0/ Турци: 0/ Роми: 0/ Срби: 0/ Власи: 0/ Бошњаци: 0/ Останати: 0/
Структура (родова застапеност): Мажи: 6/ Жени: 6/
Старосна структура: до 30 год.: не се доставени податоци

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС (СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА)

**ОДДЕЛЕНИЈА**

- ☐ Одделение за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина
  Раководител: Тони Панов
  вработени: 4

- ☐ Одделение за правни, финансиски, општи работи и човечки ресурси
  вработени: 8

## ЕЛС ИНДЕКС

Јавно комунално претпријатие: Активно
Име на ЈКП: Бошава
Адреса на ЈКП: „Јане Сандански“, б.б.
тел.:043/366-261
факс: 043/366-070
Вид на услуга: Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехранбена вода
Број на вработени: 17
Број на корисници: 958
Стапка на наплата на комунални услуги: 40 %
Директор:
Томислав Тодоров
043/366-261

**Образование:**

**Основно образование:**
ООУ „Димче А. Габерот” - Демир Капија

**Здравствена заштита:**
ПЗУ „Вета” - Демир Капија
ПЗУ „д-р Олгица” - Демир Капија
ПЗУ „д-р Катица” - Демир Капија
ПЗУ „д-р Петар Христов” ,стом. Ординација - Демир Капија
„Елите-ден”, стоматолошка ординација - Демир Капија
„Етнофарм“, аптека - Демир Капија

**Култура:**
Дом на културата „Мирка Гинова” - Демир Капија

**Најважни културни настани / манифестации во општината:**
Традиционалниот Демиркаписки панаѓур - 28 август (Св. Богородица);
7. Ноември - ден на општината;
Ден на културата.

**Противпожарна заштита:**
Доброволно противпожарно друштво Демир Капија

## ПРОЕКТИ НА ЕЛС

**Позначајни реализирани проекти во изминатите четири години:**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Проект за реконструкција на дел од ул. „Партизанска“ | Министерство за транспорт и врски | 1.998.750 |
| Реконструкција на водоводот во Демир Капија (санација на резервоарот, хлоринаторна станица, пумпи) | Светска банка | 3.075.000 |
| Изградба и асфалтирање на дел од локалниот пат Д. Капија - Дошница - Дрен | Биро за стопанско недоволно развиените подрачја | 4.489.500 |
| Изградба на дел од фекална канализација „Партизанска 2“ | Фонд за води | 2.460.000 |
| Реконструкција и санација на канали за наводнување и одводнување | Фонд за води | 6.4575.000 |
| Фекална канализација во Корешница | Министерство за транспорт и врски | 3.075.000 |

**Тековни проекти**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Уредување паркови и зеленило | Буџетско учество | 2.460.000 |
| Реновирање на Основното училиште „Димче А. Габерот“ | УСАИД | 1.414.500 |
| Асфалтирање на ул. „Даме Груев” и „Тиквешка“ | Агенција за државни патишта | 2.460.000 |
| Проект за изградба и асфалтирање локален пат Демир Капија - Дрен | Светска банка и буџетско учество | 34.009.500 |
| Проект за реконструкција на улицата „Партизанска“ | Министерство за транспорт и врски | 5.043.000 |

**Планирани проекти во иднина**

| Проект |
|---|
| Реконструкција на дел од локалниот пат Р103 - Клисура |
| Водовод по природен пат |
| Проект за уредување на градежното земјиште, населба „11 Октомври“ во Демир Капија |
| Проект за замена на азбестно-цементните цевки во водоснабдителниот систем на Демир Капија |
| Проект за изградба на подрачно училиште во населеното место Челевец |

## ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

**Соработка со граѓански организации:**
Здружение на жените „Женско лоби“ Д. Капија
Здружение на риболовците „Дошница“ Д. Капија
Планинарско друштво „Змејовец“ Д. Капија

# Општина Демир Хисар

**Адреса на седиштето:**
Битолска бб
7240 Демир Хисар

**Контакт:**
тел. 047/276-161
факс 047/203-055

**е-пошта:**
opstinademirhisar@yahoo.com

**интернет страна:**
www.demirhisar.gov.mk

## ЛОКАЦИЈА:
ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 9.497 |
| Број на урбани заедници: | 1 |
| Градови: | 0 |
| Број на месни заедници: | 39 |
| Површина: | 480 КМ$^2$ |
| Ден на општината: | 2-ри Септември<br>Ден на ослободувањето на Демир Хисар |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 96.65 % |
| Албанци: | 2.44 % |
| Турци: | 0.37 % |
| Роми: | 0.13 % |
| Власи: | 0.07 % |
| Срби: | 0.14 % |
| Бошњаци: | 0.02 % |
| Останати: | 0.19 % |

## Опис на ЕЛС
Демир Хисар, или како што во превод го нарекуваат Железна Планина, е област која се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија, или северозападно од Пелагониската низина, околу горниот слив на река Црна со нејзините притоки.
Во поголемиот дел релјефот е ридско-планински, а мал дел по течението на Црна Река е низински.
Посебен знак на одбележување на оваа област се планините Бигла, Илинска и Плакенска Планина, на која се наоѓа и највисокиот врв од 2000 м, кои ја одделуваат Демирхисарската област од Преспанско-Охридската област.
Поради богатство на овие планини со железна руда, и областа го добива името Железник, кое се менувало во зависност од владетелите во различни периоди. Оваа област се среќава како Сидеро Кастрон, што на грчки значи Железна тврдина, а Демир Хисар е име што Турците го дале на оваа област што би значело Железна Планина.
Тоа е името што и денес го носи

## Локален економски развој (ЛЕР)
Стратегија за ЛЕР, 2009-2013

## Профил на општината: 2008-2012

## Главни компаративни предности на ЕЛС:
Географска позиција и постоечка инфраструктура
Богати природни ресурси
Богато и сеопфатно културно и етнонаследство

## Главни приоритети за локален економски развој:
Создавање услови за брз економски развој преку подобрување на инфраструктурата и услугите на локалната администрација
Поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и семејното стопанство во општината
Развој на општината Демир Хисар како посакувана туристичка дестинација за рурален и културен туризам

## Главни стопански гранки во ЕЛС:
Земјоделство: агробизнис, шумарство
Производство: металургија, текстил
Услуги: транспорт и дистрибуција, ресторани, здравствена заштита

## Број на трговски друштва во ЕЛС: 220

## Локален еколошки акциски план (ЛЕАП):
2007-2011 г.

## Главни еколошки проблеми во ЕЛС:
Диви депонии, загадување на водата

## Буџет на општината: МКД

| | |
|---|---|
| Реализиран буџет во 2008 г.: | 30.830.793 |
| Проектиран буџет за 2009 г.: | 49.233.176 |
| Предвиден буџет за 2010 г.: | 51.694.834 |
| Предвиден буџет за 2011 г.: | 54.279.575 |
| Предвиден буџет за 2012 г.: | 56.993.553 |

# СРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС

## Градоначалник:

Тони Ангелевски
партиска припадност: ВМРО-ДПМНЕ
службен телефон: 047/276-161
е-пошта: gradonacalnikdh@yahoo.com

Тони Ангелевски е роден на 09.11.1966 година во Битола. Основно училиште завршува во Демир Хисар. Во 1985 година завршува средно геодетско училиште во ГУЦ „Здравко Цветковски" во Скопје.
Во 1989 година дипломирал на Градежниот факултет - отсек геодезија (6-1 степен) во Скопје. Во моментов е на завршна година на (7-1 степен) на Геодетскиот факултат во Скопје. Во периодот 1990-1992 год. работел како соработник за премер во Одделението за премер и катастар во Битола.
Во периодот 1992-2000 год. работел како соработник за премер во Одделението за премер и катастар во Демир Хисар.
Во 1996 година како член на меѓународен тим учествува во проектот „ЕУРЕФМАК" за сателистки мерења (ГПС). Во периодот 2000-2007 година раководи со Одделението за премер и катастар во Демир Хисар.
Има посетувано голем број семинари и обуки дома и во странство, меѓу кои: 2003 - посетен семинар „Управување со дејноста", организатор ДФИД Проект за реформа на јавната администрација; 2002 - учество во проектот „Македонија повторно да работи", организатори ПРиСМа-Македонија и „U.S.Department of Labor-Vachington, D.C."; 2002 - обука на тема „Јавно говорење и настап пред медиумите", организатор „National Democratic Institute for International Affairs". Пред изборот за градоначалник професионално беше ангажиран во приватна агенција за недвижности, катастар и геодетски работи.

**Претседател на Советот:**
Љупчо Ангелески
партиска припадност: ВМРО-ДПМНЕ
службен телефон: 047/276-437

## СОВЕТНИЦИ:

Драге Пупунчевски-Слепче
Николче Тренчевски-Суводол
Бенита Чорбевска-Слепче
Васко Јовановски-Демир Хисар
Леонора Јолеска-Демир Хисар
Кире Димовски-Света
Елизабета Крстевска-Жван
Добре Бошевски-Слепче
Добре Поповски-Сопотница
Славе Огненовски-Сопотница

| Совети на месните/урбаните заедници во општината: |
|---|
| Крсте Мицевски - Демир Хисар |
| Славе Силјановски - Ракитница |
| Добре Илиовски - Мренога |
| Пецо Ѓурковски - Бабино |
| Љубе Огненовски - Мало Илино |
| Стево Пејковски - Мургашево |
| Славе Мијаковски - Радово |
| Мендо Ендековски - Жван |
| Кире Зорбевски - Сопотница |
| Вецко Станковски - Церово |
| Пецо Србиновски - Големо Илино |
| Цветан Димовски - Зашле |
| Петар Блажевски - Ново Село |
| Горан Каревски - Света |
| Стојан Мицевски - Стругово |
| Трајан Димовски - Прибилици |
| Зоран Бошковски - Кочишта |
| Тони Димовски - Загорече, Утово |
| Јован Ковачевски - Смилево |
| Дончо Дрмоновски - Белче |
| Горјан Секуловски - Железнец |
| Саше Петревски - Суводол |
| Влатко Петревски - Сладуево |
| Кире Трајковски - Растојца |
| Драге Ницевски - Журче |
| Драган Петревски - Слепче |
| Трајан Цветановски - Единаковци |
| Кенан Џаферовски - Обедник |
| Веле Радевски - Граиште |
| Крсте Трајковски - Суво Грло |
| Љупчо Станковски - Кутретино |
| Ќире Стојановски - Бараково |
| Иванчо Спасевски - Велмевци |
| Драге Стојановски - Вирово |
| Драган Талевски - Слоештица |
| Лецо Трајановски - Доленци |
| Никола Дојчиновски - Базерник |
| Тоде Китановски - Боишта |
| Вецко Ристевски - Брезово |
| Љупчо Станковски - Вардино |

## Вкупно вработени во ЕЛС: 35

Структура (по образование): основно: 2/ средно: 14/ вишо: 7/ високо: 12/ магистратура: 0/
Структура (по етничка припадност): Македонци: 35/ Албанци: 0/ Турци: 0/ Роми: 0/ Срби: 0/ Власи: 0/ Бошњаци: 0/ Останати: 0/
Структура (родова застапеност): Мажи: 19/ Жени: 16/
Старосна структура: до 30 год.: 3/ од 30 до 45: 16/ од 45 до 60: 11/ над 60: 5/

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС (СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА)

**ОДДЕЛЕНИЈА**

- ☐ Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
  Раководител: Соња Наумовска
  вработени: 5
- ☐ Одделение за финансиски работи и буџет
  Раководител: Влатко Станковски
  вработени: 7
- ☐ Одделение за правни и општи работи
  Раководител: Љубе Јанкуловски
  вработени: 13
- ☐ Внатрешна ревизија
  Раководител: Валентина Павловска
  вработени: 2
- ☐ Одделение инспекторат
  Раководител: Сузана Цуцулоска
  вработени: 2
- ☐ Одделение за локален економски развој и општествени дејност
  Раководител: Мише Милошевски
  вработени: 6

## Подрачни единици на министерствата на РМ во ЕЛС:

**Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за правда, Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за финансии**

## ЕЛС ИНДЕКС

Јавно комунално претпријатие: Активно
Име на ЈКП: Комуналец Демир Хисар
Адреса на ЈКП: „29-ти Ноември“, б.б.
тел.:047/277-577
факс: 047/277-578
e-mail: komunalecdem@t-home.mk
Вид на услуга: Водовод, канализација и смет
Број на вработени: 36
Број на корисници: 800
Стапка на наплата на комунални услуги: 56 %
Директор:
Пецо Наловски
тел. 047/277-577

**Образование:**

**Основно образование:**
ООУ „Даме Груев“ - с. Смилево
ООУ „Браќа Миладиновци“ - с. Жван
ООУ „Гоце Делчев“ - Демир Хисар

**Средно образование:**
ОСУ „Крсте П. Мисирков“ - Демир Хисар

**Здравствена заштита:**
ЈЗУ Психијатриска болница, Демир Хисар
ЈЗО Здравствен дом, Демир Хисар

**Култура:**
Дом на културата „Илинден“, Демир Хисар

**Најважни културни настани / манифестации во општината:**
„Славење на пиреј от“, настан кој се одржува во Слоештица, родното село на писателот Петре М. Андреевски

**Противпожарна заштита:**
ТППЕ Демир Хисар
тел.: 047/276-193

## ПРОЕКТИ НА ЕЛС

**Позначајни реализирани проекти во изминатите четири години:**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Водоснабдување на Прибилци, Сладуево и Журче | УСАИД и Општина Демир Хисар; | 5.535.000 |
| Предизвиците на недопрената природа | ЕУ и Општина Демир Хисар | 601.377.750 |
| Изградба на фекална канализација во Кутретино и во Суводол | ЕУ и Општина Демир Хисар | 1.845.000 |
| Изградба на фекална канализација во Сопотница | ЕУ и Општина Демир Хисар | 1.845.000 |

**Тековни проекти**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Изградба на фекална канализација во с. Слоештица | Фонд за води и општината Демир Хисар | / |
| Реконструкција на прозорците во ООУ „Гоце Делчев“ | АЕД-УСАИД и општината Демир Хисар | / |
| Спортска сала „Јордан Пиперката“ | Агенција за млади и спорт и општината Демир Хисар | / |

**Планирани проекти во иднина**

| Проект |
|---|
| Изградба на дополнителна водоводна линија за водоснабдување на с. Загориче и на с. Утово |
| Изградба на канализациска мрежа за отпадни води во с. Слепче |
| Изградба на дополнителна линија за вода во с. Стругово |
| Реконструкција на водоводната мрежа во Демир Хисар |
| Реконструкција на локални патишта |

# Општина Дојран


**Адреса на седиштето:**
5-ти Ноември бб
1487 Дојран

**Контакт:**
тел. 034/225-278
факс 034/225-278

**е-пошта:**
dojran@t-home.mk

**интернет страна:**
www.dojran-info.com


## ЛОКАЦИЈА:
ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 3.426 |
| Број на урбани заедници: | |
| Градови: | 0 |
| Број на месни заедници: | 7 |
| Површина: | 132 КМ$^2$ |
| Ден на општината: | 5-ти Ноември<br>Ден на ослободувањето на Дојран. Имено, Дојран и неговата околина се ослободени од фашистичката окупација на 5-ти ноември 1944 година, од војниците на Четвртата македонска ударна бригада. |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 77.09 % |
| Албанци: | 0.50 % |
| Турци: | 11.73 % |
| Роми: | 1.72 % |
| Власи: | 0.09 % |
| Срби: | 8.09 % |
| Бошњаци: | 0.06 % |
| Останати: | 0.73 % |

## Опис на ЕЛС
Распространета на 132 км$^2$ општина Дојран се наоѓа на јужниот дел од Република Македонија. Општината се наоѓа на брегoвите на Дојранското Езеро преку кое од источната страна се граничи со Република Грција, сместена меѓу планините Беласица (1883 м.н.в.) од север, планината Круша ( 860 м.н.в. Република Грција) и Карабалија ( 697 м.н.в.) од запад.
Пречникот на езерото изнесува 9 км во широчина. Езерото е на 148 м н.в. а брегот од западната страна е на 160- 250 м.н.в.
Општината е составена од 13 административни единици и тоа : Нов Дојран, Стар Дојран, Сретеново, Фурка, Црничани, Николиќ, Куртамзали, Ѓопчели, Севендекли, Органџали, Џумабос и Чаушли.
Општина Дојран е оддалечена од Скопје 166 км, од Гевгелија 38 км, од Струмица 45 км, од Солун во Република Грција 81 км. Најблискиот аеродром е солунскиот оддалечен 100 км, додека од скопскиот аеродром оддалеченоста е 141 км. Најблиско пристаниште е Солунското пристаниште во Република Грција, кое е одалечено 81 км. Оддалеченоста од најблиската железница изнесува 38 км и се наоѓа во Гевгелија.

## Локален економски развој (ЛЕР)
Стратегија за ЛЕР, 2007-2011

## Профил на општината: 2007-2011

## Главни компаративни предности на ЕЛС:
Најголема компаративна предност на општината е Дојранското Езеро
Единствен начин на риболов со помош на птици- како можност за алтернативна форма на туризмот
Изградена туристичка инфраструктура

## Главни приоритети за локален економски развој:
Подобрување на моменталната инфраструктура на туризмот за да се доведе до максимум капацитетот во текот на следните пет години
Подобрување на степенот на рекламирање и јавната свест за да се обезбедат максимални туристички можности
Изготвување комплетна урбанизација за општината Дојран (пет) години

## Главни стопански гранки во ЕЛС:
Земјоделство: агробизнис, рибарство
Производство: металургија, текстил
Услуги: ресторани, туризам, здравствена заштита

## Стратешки/Плански документи на општината:

| Наслов | Период |
|---|---|
| План за заштита и спасување | 2009-2013 |
| План за справување со кризи | 2009-2013 |
| План за управување со цврстиот отпад | 2009 -2013 |
| Инвестициски план на општината | 2007–2009 |

## Локален еколошки акциски план (ЛЕАП):
2006-2012 г.

## Главни еколошки проблеми во ЕЛС:
Диви депонии, загадување на водата

## Буџет на општината: МКД

| | |
|---|---|
| Реализиран буџет во 2008 г.: | 17.000.000 |
| Проектиран буџет за 2009 г.: | 42.000.000 |
| Предвиден буџет за 2010 г.: | 42.000.000 |
| Предвиден буџет за 2011 г.: | 42.000.000 |
| Предвиден буџет за 2012 г.: | 42.000.000 |

## СОВЕТНИЦИ:

Ване Цветановски - Стар Дојран
Андреј Тасев - Нов Дојран
Марсел Киров - Стар Дојран
Билјана Ристова - Николиќ
Борче Стамов- Нов Дојран
Милена Ризова - Фурка
Петар Тентов – Стар Дојран
Јован Танев - Фурка
Магдалена Шимова - претседател-Стар Дојран

| Совети на месните/урбаните заедници во општината: |
|---|
| Ибраим Алимов - Куртамзали |
| Шенол Амедов - Ѓопчели |
| Никола Тодоров - Фурка |
| Ѓорги Картелов - Црничани |
| Стојо - Николиќ |
| Мито Данилов - Нов Дојран |
| Ѓоко Упчев - Стар Дојран |

## СРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕЛС

### Градоначалник:

Глигор Чабулев
партиска припадност: ВМРО - ДПМНЕ
службен телефон: 034/225-289
е-пошта: dojran@t-home.mk

Глигор Чабулев е семеен човек, оженет и има три ќерки. По завршувањето на училиштето, работел во Градежното претпријатие „Пелагонија“, Скопје. Подолго време работел во странство како раководител на повеќе објекти - последните 15 години. Поседувал своја градежна фирма во странство до крајот на 2008 година. Неговата сопруга работи во детска градинка како воспитувач, поголемата ќерка е мажена и има две деца и работи во сопствена фирма. Втората ќерка го има завршено Педагошкиот факултет, а третата е асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

### Претседател на Советот:
Магдалена Шимова
партиска припадност: Групи избирачи БС
службен телефон:070/ 218 301

## Вкупно вработени во ЕЛС: 13
Структура (по образование): основно: 0/ средно: 4/ вишо: 5/ високо: 4/ магистратура: 0/
Структура (по етничка припадност): Македонци: 13/ Албанци: 0/ Турци: 0/ Роми: 0/ Срби: 0/ Власи: 0/ Бошњаци: 0/ Останати: 0/
Структура (родова застапеност): Мажи: 8/ Жени: 5/
Старосна структура: до 30 год.: 1/ од 30 до 45: 7/ од 45 до 60: 5/ над 60: 0/

## ЕЛС ИНДЕКС

Јавно комунално претпријатие: Активно
Име на ЈКП: Комуналец - Полин
Адреса на ЈКП: „Кеј 5-ти Ноември“, б.б.
тел.:034/225-217
факс: 034/225-217
e-mail: jkp _polin@t-home.mk
Вид на услуга: Хигиена на јавно прометните површини, собирање, транспорт и депонирање на отпадот, снабдување со вода за пиење, канализациски систем со пречистителна станица за фекалната канализација
Број на вработени: 24
Број на корисници: 1.700
Стапка на наплата на комунални услуги: 70 %
Директор:
Филип Дончовски
034/225-217

Јавно претпријатие: Активно
Име на ЈП: ЈП Дојранско Езеро - Стар Дојран
Адреса на ЈП: „Кеј 5-ти Ноември“, б.б.
e-mail: dojransko.ezero@gmail.com
Вид на услуга: Доведување дополнителни количини вода за спас на Дојранското Езеро - единствен корисник Дојранското Езеро
Број на вработени: 20
Директор:
Живко Делев
034/225-220

**Образование:**

**Основно образование:**
ОУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран

**Здравствена заштита:**
Приватна стоматолошка ординација, Нов Дојран
Примарна здравствена заштита, Нов Дојран
ЈЗУ Општа болница Гевгелија, интерна амбуланта со лабораторија, Нов Дојран

**Најважни културни настани / манифестации во општината:**
Традиционална културно-уметничка манифестација „Дојрански ракувања“, Стар Дојран

**Противпожарна заштита:**
Доброволна противпожарна служба
тел.: 034/227-131

## ПРОЕКТИ НА ЕЛС

**Позначајни реализирани проекти во изминатите четири години:**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Изградба на општински информативен центар | Општина - ВНГ интернационал | 1.537.500 |
| Изградба на платформи за „Дојрански ракувања“ | ГТЗ - Редем - Општина | 615.000 |
| Изградба на дел од секундарна канализациска мрежа | УНДП | 1.845.000 |
| Изградба на дел од секундарна канализациска мрежа | РЕЦ | 3.075.000 |
| Изградба на бунар со потисен цевковод за водоснабдување на Дојран | УСАИД | 4.356.000 |

**Тековни проекти**

| Проект | Донатор | Буџет (МКД) |
|---|---|---|
| Изградба на локален пат за Црничани | Агенцијата за државни патишта | 7.995.000 |
| Акција за заштита од муви и комарци | Буџет на општината Дојран | 615.000 |
| Реконструкција на потисен цевковод за водоснабдување на населбата Стар Дојран | Министерство за транспорт и врски и буџет на општината Дојран | 2.460.000 |
| Пристапни патишта и трасирање улици во новата населба Карач – Стар Дојран | Буџет на општината Дојран | 2.152.500 |
| Санација на депонијата за отпад | Буџет на општината Дојран | 307.500 |
| Уредување на крајбрежјето на Дојранското Езеро | Буџет на општината Дојран | 6.150.000 |

**Планирани проекти во иднина**

| Проект |
|---|
| Реставрација на културно-историските споменици Саат-Кула и Амам |
| Изградба на мандра со дојранска колиба – лов на риба со помош на птици, како алтернативна форма на туризмот |
| Расчистување и оспособување на пристапните патеки до месноста Фердинанка - Спомен-обележје на борците од 22. англиска дивизија со промоција на проектот „Музеј на отворено“ |
| Изградба на локален пат во Дурутли |
| Изградба на локален пат во Црничани |
| Изградба на канализација во населеното место Црничани |
| Изградба на канализација во населеното место Николиќ |
| Изградба на канализација во населеното место Фурка |
| Довршување на секундарната фекална канализација во Стар Дојран и во Нов Дојран |
| Асфалтирање улици во Нов Дојран |
| Довршување на проектот за уредување на крајбрежјето на Дојранското Езеро |

## ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

**Соработка со граѓански организации:**
Здружение на жените Турчинки „Ишик“ Нов Дојран
Здружение на жените „Дојрана“ Нов Дојран
Еколошко друштво „Аавор“ Нов Дојран
Друштво за заштита и љубов кон Дојранското Езеро – Стар Дојран
Центар за развој на младите

# Општина Долнени

## Komuna e Dollnenit


**Адреса на седиштето:**
7504 с. Долнени

**Контакт:**
тел. 048/ 453-210

**е-пошта:**
dolneni_opstina@yahoo.com

**интернет страна:**
www.opstinadolneni.gov.mk


### ЛОКАЦИЈА:
ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 13.568 |
| Број на урбани заедници: | 0 |
| Градови: | 0 |
| Број на месни заедници: | 34 |
| Површина: | 430 км$^2$ |
| Ден на општината: | 20-ти Декември<br>Првата седница на Советот на општината Долнени е одржана во 1996 година |

**Структура на населението:**

| | |
|---|---|
| Македонци: | 35.90 % |
| Албанци: | 26.65 % |
| Турци: | 19.14 % |
| Роми: | 0.10 % |
| Власи: | 0 % |
| Срби: | 0.12 % |
| Бошњаци: | 17.34 % |
| Останати: | 0.55 % |

## Опис на ЕЛС

Општина Долнени се наоѓа во северозападниот дел на Пелагонија, околу 600 м надморска височина. Општината опфаќа површина од 430 м$^2$. Како новоформирана општина е една од најголемите во РМ. Општина Долнени е формирана повторно со Законот за територијална поделба и Законот за локална самоуправа во 1996 година и е споена со општина Житоше. Центарот на општината се ноаѓа во населеното место Долнени. Општината Долнени ја сочинуваат 37 населени места со 1.385 жители од разни националности. Населените места во оваа општина се занимаваат со земјоделство, тутун, разни житни култури, сточарство.

## Локален економски развој (ЛЕР)

Стратегија за ЛЕР, 2007-2012

## Главни компаративни предности на ЕЛС:

